СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото Продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**61 (ШЕЕСЕТ И ПРВА) СЕДНИЦА – ЧЕТВРТО ПРОДОЛЖЕНИЕ**

**2.VI.1993**


| | |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТЈАН | 1, 57 |
| 2. АРНАУДОВ ЛАМБЕ | 39, 43 |
| 3. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО | 10, 16, 26 |
| 4.ЃОРЃИЕВ ПЕТАР | 70 |
| 5. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ | 53 |
| 6. МИНОВ ПАНЧО | 2 |
| 7. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН | 58 |
| 8. МИЉОВСКИ ЈАНЕ | 60, 68 |
| 9. НАЦЕВ ПАНЧЕ | 50 |
| 10. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ | 3,68 |
| 11. СТАНКОВСКИ РИСТО | 30, 35 |


седницата продолжува!

I/1. РД/ЉР

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Четвртото продолжение на Шеесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јуни 1993 година**

Седницата започна со работа во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Зоран Крстевски и Благоја Ханџиски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

**ПАНЧО МИНОВ**: (прилог)

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас го подржувам донесувањето на Законот за трансформација на Претпријатијата со општествен капитал. Не треба да се повторува неспорниот аргумент дека со дефинирањето на титуларството на сопственоста капиталот во претпријатијата се ослободуваат блескано широките простори на натпревар во пазарна конкуренција, докажување на творечките способности на стопанските субјекти и сигурно ефекти В( домаќинството како добар користење, управување и располагањето со капиталот во трансформираните претпријатија.

- Овој закон го сфаќам како континуитет во отпочинатиот процес на сопственичка трансформација од 199о година со тогаш важечките законски прописи, закон за општествен капитал и закон за лични доходи, како најексплоатирана форма на трансформација во акционерски друштва без интерните акции.

- По својот концепт законот го карактеризира својствена специфичност во однос на носителите на трансформацијата, формите и содржините на истата улога и надлежностите на агенцијата што основно се кристализираат во суштинското прашање кој ќе биде односот помеѓу погодностите и предностите на вработените преку отколку или купувањето на капиталот на претпријатијата и обврската да се трансформира капиталот на претпријатија преку агенцијата како експонент на државата^односно кој е делот на капиталот што ќе се приватизира непосредно од работниците на претпријатието наспроти делот на капиталот кој ќе се трансформира преку претходно подржавување односно агенција.

За мене мислам дека предлагачот на законот имал шанса но очигледно целосно не ја искористил во утврдувањето на такви содржини во законот кои ќе значат формирање повеќе на непосредното акционерско трансформирање на капиталот на претпријатија од страна на самите вработени, визави неопходноста, од обврската во постапката за трансформацијата да се јавува улогата и надлежноста на агенцијата како посредник.

Во прилог на ваквата определба оди и големиот број на амандмани во насока на поголеми погодности на вработените и избегнувањето на потребата на агенцијата за трансформацијата. Тргнувајќи од поголема потреба од донесување на овој закон наспроти некои решенија што може полибеларално да се уредат во однос на улогата на агенцијата јас има убедување дека подобро е да; се донесе законот со очекување дека ќе следи усогласување на неговите одредби врз основа на искуството од неговото спроведување и проблемите и ефектите при тоа.

I/2.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа се одлучив да земам збор во општата расправа по овој Предлог на закон и во моето излагање ќе се обидам да ги видам и претставам пред вас моите видувања околу основните решенија што се даваат во Законот и направените пропусти за кои ќе говорам подоцна.

Овој закон пред Собранието оди како заедничка програма на сите политички партии, односно пратенички групи и позицијата и опозицијата што е во овој Парламент, што значи дека основната одлука за потребата од донесување на овој закон постои кај сите пратеници. .

Во текот на вон собраниската поставка, поготово во постапката пред работните тела, се заземаа различни погледи и ставови околу начелните |И постапката за извршување на оваа трансформација. Во таа постапка се утврди едно:дека името на Законот е трансформација на претпријатија со општествен капитал, што значи треба да говориме дали оваа име одговара на содржината на самиот закон, односно дали содржината одговара на името на Законот

Во оваа смисла јас ќе се задржам на повеќе околности и ќе укажам на една нелогичнаст во дадените решенија. Дека решенијата не де баш најсреќно одбрани, се говори и се докажува со најголемиот број на амандмани, дали се точно 300, како што тоа го даваат во средствата за информирање, или е помал или поголем број признавам лично дека не сум во состојба да ја кажам правата бројка.

I/3.-

Прво мое несогласување со содржината и името на Законот ја гледам во следното: името на Законот е трансформација на претпријатија со општествен капитал. Меѓутоа, ние внатре имаме или само почетни, или делумни решенија за она што не е општествен капитал. Сметам дека во овој дел Предлогот на законот направил грешки во чекори што навистина претходно не ги разрешил прашањата околу што не е општествен капитал да се издвои, па дури тогаш она што е општествено да се трансформира. За пример ќе земам положбата на едно претпријатие со средства, таканаречени во општествена сопственост, на пример Житомел Куманово. Овие кои се од Куманово ќе знаат дека таму постојат пет млина сите млинови се сега општествен капитал, тоа претпријатие стана акционерско друштво, по законот на Анте Марковиќ, а ниту еден млин не е на тоа претпријатие, туку е последица на Одлуката на Президиумот од 1948 година кога се изврши национализаци ја на тие млинови. Сега тие стануваат како основ за трансформација. Имаме пет млина, сите се во таа фирма, а таа се трансформира. Се поставува прашање: што ќе биде кој и и кога ќе се заврши таа трансформација. Значи претходното прашање на овој проект е лошо решено.

Понатаму сметам, дека предлагачот направил тесен избор на она што ќе биде трансформација. Поголемиот дел останал за наред решавања со нови закони .и под нови услови. Кога овдека со овој закон се прави една агенција или фонд, па се прави спојуваше помеѓу тие две да биде едно, што ќе биде со сите тие други односи, ќе правиме нови фондови, нови агенции, нови директни и нови трошоци. Дали на овој начин не ќе одиме на една постапна распродажба на општествениот капитал. Место да се направи попис на истиот, да се изврши процена и целиот да влезе со одредена цел, да се изврши трансформација на капиталот во државата, да се измени системот на работата, да се измени

системот на живеење во државата. Ако останеме пак да имаме едно вакво, едно онакво, ќе одиме само подобро да беше името распродажба на дел од општествениот капитал. Понатаму, гледам и еден недостаток во приодот кога не се обезбедува сознание со кој капитал оваа држава под име општествен капитал располага. Нека се земе тоа по области, нека се каже до сега овој, овој, таму е вложено од потрошени средства од овој извор толку, од овој извор толку и ќе вршиме оваа трансформација. И нема да ни се случи што беше и со Законот на Анте Марковиќ во една фирма да се потрошени дали од продажба, или пласман на штедните влогови девизите да одат до 200 или 300 милиони долари, а таа фирма сега во трансформација да се процени на еден милион или два мили- опни германски марки:. Што значи дека Законодавецот, односно предлагачот нам не ни дал цврст елемент со кој ќе ни покаже каде е извршен пласман, на кој капитал и сега од тој капитал колку стои на кој начин ќе се врши трансформација.

Другото решение што нема логика по мене е што? Решение за стечајно право. Стечајно право е од Законот на Анте Марковиќ и оној Закол за личните доходи. Со ова се верифицира, па ќе говор да видите какви се разликите и уставноста. Таму самите претпријатија што донесуваа одлука за начинот како ќе вршат трансформација и како ќе вршат процена на капиталот и така учествуваа во распределба на него. Тие луѓе. немаат закана дека ќе можат да одат во затвор. Со решение на овој закон, што се дава? Членовите на Агенцијата, односно Управниот одбор и директорот, ако купат акции им се заканува од една до 10 години затвор. А директорите кои ги купија фирмите сами одлучуваат преку Управниот одбор колку ќе биде вредноста тие се совесни акционери и со

овој момент сега им велат тие се добри можете да си го сочувате капиталот. Што значи дека немаме рамноправност во третманот. Нормално е дека веднаш кој се занимава со право ќе каже како тоа може да го резонира и говори еден правник кој е со долгогодишна практика. Господа пратеници, во правото постојат две основни институции. Стечајно право, тоа е правна сигурност и другото со корекција и исправка, односно заштита на тоа право е злоупотреба на право. И штом некој ќе го злоупотреби правото, не може да се повикува на стечајно право. Како тоа го објаснувам? Ако една фирма како што реков понапред има вложено за својот развој 100 милиони долари сега се процени со трансформацијата на два, три, пет или 10 милиони долари. и така се распродаде, тие луѓе што учествувале во таа распродажба извршиле купување, знаел дека капиталот вреди навистина 100 милиона долари, а го распродале за 10, (тие направиле злоупотреба на правото. И тогаш не можат да се повикаат на стечајно право. Затоа сметам дека законодавецот во својот предлог требаше да воведе норма која ќе направеше автоматска задолжителна проценка на целосна трансформација било по кој основ да е извршена, кога е дадено право по некој закон на оној што купува, да ја одредува и цената. Во пазарното стопанство се знаат двата субјекта. Субјект кој продава и субјект кој купува. Овдека еден дел доаѓа на претпријатијата се дава со ова решение тие да донесат. одлука за трансформација, меѓутоа, ја спроведува и врши надзор на спроведување на трансформацијата, агенцијата, што значи во еден дел•се врши некаква корекција на тоа и се создава некаков вид на понуда и побарувачка. Па према тоа, сакам да кажам задолжително во преодните одредби ќе треба да има досега извршената трансформација да се подвргне на купување и продажба. Во предложениот текст на законот не се почитуваат основните права за остварување на правата на човекот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Едно меѓу тие права е правото на сопственост. Ако на некој, по било кој основ сопственост или му е ограничена или е одземена, тој што ја има таа сопственост, односно управува со таков имот не може да пропише рок кој ќе има такво препулзивно својство, односно пропуштање на тој рок да не може да се остварува правото на сопственост. И ако вакво решение остане , што се добива? Одиме на трансформација на претпријатија со општествен капитал. Меѓутоа, одиме на повторна национализација ако оној не се јавил во одредено време. Со посебното решение кога законодавецот, односно предлагачот предлага правото да се остварува на пропишан образец. Дали сега кога тоа го направил предвидел сите оние кој го изгубиле правото на сопственост по било која основа треба во моментот кога фирмата која ќе врши трансформација тоа ќе го соопшти сите тие се жители и живеат на територијата на Република Македонија. Или, можат да се надвор од оваа држава. Ако одиме само тие што се жители, тогаш ќе вршиме дискриминација, немаме трансформација и не го признаваме правото на сопственост. Не ги заштитуваме уставните начела дека сите субјекти се еднакви пред законот. А ако дадеме и надвор, тогаш како ќе обезбеди Владата во бел свет да се пратат обрасци на кои луѓето кои имаат сопственост ќе се јават на тие обрасци. ' И што е најбитно сега, со немање на образец се вклопува во време кога рокот тече.

Понатаму, дали дистрибутерот на тие обрасци ќе биде тој кој ќе има одредено време да ги продава во секое време, или ќе почитува време на работа. Дали тоа време на работа ќе се вклопува со истек на рокот. Зошто е тоа направено, мене не ми е познато, ниту можев да

II/2.-

добијам друг одговор, освен некоја замерка дека требало да се унифицира некоја работа. Па, унифицирање на работа доста беше.

Најпосле што се врши една непријатна работа со овој закон е правото на Владата да располага со имовината која се добива од продажбата на капиталот. Јас незнам , не сум од таа сфера, меѓутоа би ги замолил господата кој се бават со финансии, да ни кажат каде Владата врши располагање со средствата и за нивниот пласман. Овде одредбата на законот јасно кажува дека Владата врши распоред с средствата кои ќе останат за што се намират трошоците на агенцијата трошоците од вработување, трошоците на работата на судовите и сл. Како ќе може со тој капитал  да се работи. Сметам дека една законодавна функција се пренесува на Владата. Пак се мешаат"компетенциите токму поради оваа околност се и бројните амандмани.

На крајот, што сакам господа да кажам во моето излагање во целиов случај да се одговори•на прашањето зошто со овие закони се оди на воведување на посебно кривично законодавство. Во секоја држава снагата .и уметноста на правниот систем е ако се направи кодификација не на другото, посебно на кривичното право односно штос е вика казненото право. Што е повеќе расфрлано во посебни закони, тоа кривично право нема снага, ниту ќе има елементи за негово спроведување. Предлагачот во исто време, затоа што на овој парламент му дојде предлог за измена и дополнување на кривичниот закон на РМ на општиот и;посебниот дел од кривичниот закон на  република Македонија и таму да се извршеше интервенција со воведување на посебна забрана, а не за ова дело во овој закон.

II/3.-

Понатаму, господа, јас сакам малку да направам една коресподенција со настаните што се случија вчера на ова Собрание околу односот на подделни пратеници и министерот. Право е на секој пратеник да истапува како што сака, право е и на министерот да го брани својот предлог. Меѓутоа, во двата случаи што? секој има право да брани и да напаѓа. Ако на мистерот не му се допаѓа излагањето н пратеникот, не значи дека неговото решение е исправно. Ако пратеникот го чул предлогот на министерот, не значи дека тој предлог треба да му се бендисува. Ние вчера овдека имавме едно нараво учение кој колку знае, кој колку не знае. Не е чесно преку оваа трибина и во иднина така да се нарекуваме, знаеш, не знаеш, си читал, не си читал, разбираш не разбираш, во што е снагата?. Ако некој дал умен предлог, а другиот не го разбрал, тогаш е болка за тој што не го разбра, а не за овој што го разбрал. Во таа смисла, господа, да не ни се повтори вчерашната расправа околу тоа што, кој колку сфатил. Законот ќе оди по пат на. гласање кој момент ќе биде усвоен, може да му се случи на министерот ова Собрание неговите предлози да не ги уважи, да се измени законот- Што значи не да  не работи лошо тој , меѓутоа, Собранието нашло друго решение. Ако Собранието не ги прифати амандманите, не значи дека пратениците не работеле добро, а само министерот работел добро. Она што ќе се усвои , тоа е направено, тоа ќе биде закон за оваа држава и така ќе се спроведува. Да разговараме да се повикуваме од оваа говорница за содржина на самиот закон колку што и кое решение ќе има интерес за спроведување на една заедничка "желба да извршиме- трансформација на капиталот. меѓутоа, не вака парцијално, затоа што сметам навистина тоа ќе ни се освети.

II/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕЅСКИ:**

Дами и господа, чувствувам потреба да го кажам и моето мислење за она што сметам дека навистина можеме да го наречеме со зборот еден вид на некаква револуцијава во РМ со донесувањето на овој закон, тивка револуција и веднаш ќе кажам зашто така мислам. Веднаш на почетокот ќе кажам, со оглед на тоа дека моето излагање ќе биде полно со критики и забелешки, веднаш на почетокот ќе кажам дека без разлика на тоа ќе го поддржам законот на министерот што е понуден во македонскиот парламент и тоа од неколку причини.

Прво, од причина што приватизација е една од основните цели на нашата партија од самиот почеток.

Второ, затоа што со овој закон сметам дека навистина ќе ставиме формално крај. на еден систем кој постоеше досега во РМ,

Третата работа, затоа што:ако не го подржам предлогот на министерот Јане Миљовски се плашам дека ќе стане господинот Миљовски да ми налепи неколку етикети од типот дека еве ако не се прифати неговиот предлог можам да добијам етикети дека застапувам тези на најновите партии односно на комунистичката идеологија. Нормално, се надевам дека- предлогот; ќе биде од моја страна подржан од она што можам да го слушам досега дека , сепак, Владата на крајот ќе прифати неколку десетици' амандмани од оние што се понудени во овој парламент, некои од нашата пратеничка група и на тој начин за прв пат досега во својата работа ќе покаже каква таква флексибилност и ќе сака да го прифати на некој начин и мислењето на македонскиот парламент.

II/5.-

Веднаш да поминам на се она што сметам дека треба да се стави како забелешка на овој систем односно од моја страна е „неприфатливо односно заслужува и постои празнина за критика. Најпрвин, можам да кажам дека навистина сум изненаден од некои реферати што можевме овде да ги чуеме односно излагања од припадниците на левата коалиција, посебно на партиите , СДС и Социјалистичката партија кои според нивниот овде сфаќања за капиталот, за приватниот капитал, јас навистина мислам дека можат да и позавидат и најдесните и најконзервативните партии во европскиот дом денеска. Навистина сметам ваквите мислења и ставови што можевме да ги чуеме за приватниот капитал, навистина ќе ги натераат овие партии , посебно како што реков СДС и Социјалистичката партија својата позиција на наекава левица досега, навистина во најкратко време да се прекрстат во екстремна десница на се она што денес се нарекува стилот и работата на една конзервативна партија во Велика Британија или Демохристијанска партија во Германија и во Италија. Меѓутоа, сепак се надевам дека она што го зборуваа овде не е и вистинската нивна програма. Тоа е:првиот елемент.

Пред да поминам на самата суштина на законот, исто така, морам да кажам дека не се согласувам со оние пратеници, посебно од левата коалиција кој на овој закон му приоѓаат чисто само од оно економски аспект и најнормално тоа го прифаќаат како уште една реформа, бидејќи тие се навикнати досега на неколку правени реформи. Кој се причините? Причините се затоа што сметам дека навистина тежината на овој закон не е само од економска природа, туку пред се од политичка природа и затоа морам на почетокот да се задржам малку на она што досега го имавме како систем на општествена сопственост. Во таа смисла сигурно

треба да се каже дека после ослободувањето по револуционерен пат односно со национализација, конфискација и експропријација приватната сопственост ја трансформиравме во државна, а подоцна во општествена сопственост. Приватната сопственост ја прогласивме за непријател број еден во нашето општество. На темелите на општествената и државната сопственост изградивме социјалистичко друштво односно економски и политички систем во кој доминирапи монополот на сопственост, размислувањето и управувањето. На темелите на општествената сопственост го воведовме самоуправувањето. Темелни определби ни беа фабриките на работниците, управувањето на работниците, наградувањето според вложениот труд. За заштита на општествената сопственост и управувањето со истата како и во борба против приватната сопственост изградивме огромен број на институции кои се темелат на нашето. економско, политичко и социјално уредување на нашата држава. Сите општествено политички заедници, Република, град, општина имаа за цел да ја штитат и развиваат општествената сопственост. Беа создадени секретаријати за внатрешни работи да ја штитат општествената сопственост. беше создадено право- судство за. заштита на општествената сопственост. Беше создадена Служба на Општественото книговодство да ја штити општествената сопственост. создадовме банкарски систем и банки за заштита и развој на општествената сопственост. -'беше создаден образовен систем да ги учиме децата од пионери па до високо образование како да ја штитат и да ја градат таа општествена сопственост. Создадовме, конечно, информационен систем во служба на општествената сопственост. Општествената сопственост заедно со сите претходни нејзини институции требаше да обезбеди економски и социјален просперитет на она што се нарекуваше наш живот во минатите 45 години. За разлика од

тоа добивме ерозија на општествената сопственост и негово преминување во приватни раце, бирократизација на општеството, раслојување на општеството на богати и сиромаси, привилегии, длабока економска криза, висока инфлација, загрозена социјална егзистенција на огромен број на граѓани, длабока политичка криза и конечно можеме да кажеме загрозен опстанок на нашата држава. Со еден збор можеме да кажеме нај слободно дека општествената сопственост што ја имавме во изминатите 45 години Македонија ја доведе на прагот на економскиот колапс и економскиот пустош за кое сме ние и денес сведоци во Република Македонија. Тоа е резултатот на она што го имавме досега. После ќе ви објаснам зашто го зборувам сето ова. И овој пат можам да кажам дека сум радосен, дека сепак колку толку на еден формален начин со донесувањето на овој закон за приватизација, како што се нарекува за претпријатијата на општествената сопственост, конечно еднаш за секогаш и ние формално во РМ ќе објавиме дека сето она што по па на државна тортура му беше нудено на овој граѓанин Во поглед на економијата како и во политиката од типот на теориите за економијата на Маркс, Енглелс, Ленин во светски рамки, она што беше .запрено во целиот источен блок со Октомвриската револуција од 1918 година, а она што беше запрено како пат на еволуција во рамките на онаа држава што досега живеевме, тоа беше Бившата југословенска Република за нас. :и нашата Социјалистичка Република Македонија. еднаш за секогаш е завршен процес. Исто така, со  донесувањето на овој закон и формално ќе,кажеме дека сите оние големи економски стручњаци на Бившата Социјалистичка Федеративна Југославија а со тоа и на Македонија и големи реформатори на комунистичкото управување со стопанството од

типот на Тито, Едвард Кардељ, Борис Крајгер, исто така, големиот реформатор на економијата од страна на Македонија господинот Киро Глигоров учествуваше во неколку комунистички реформи еднаш за секогаш му е ставено крај во Република Македонија. Се надевам дека со овој закон дека конечно и од Македонија се слуша глас во рамките на целиот источно европски свет во кој живеевме досега дека најдобра реформа на комунизмот е да ги соберете сите тие дебели книги на комунистичката економија и едноставно да ги фрлите на буништето на историјата.

Се надевам дека и ние влегуваме во таа посебна реформа на комунистичкото стопанство од кое навистина односно за кое повеќе никогаш нема да зборуваме и никогаш нема да се вратиме. Тоа е на некој начин оној политички дел.

Сега ќе сакам да преминам на она што се нарекува конкретен закон што ни е понуден овде од страна на Владата на РМ и конкретните забелешки.

Прво, она што е веднаш сврзано со политичкиот дел на прашањето за кое зборував. Во сите источно - европски земји трансформацијата на општествената сопственост или државната сопственост како што се нарекуваше почна со денационализација. Во таа смисла ги подржувам сите дискутанти кои зборуваа овие неколку дена во македонскиот парламент и кој се залагаа пред да се донесе било каков закон за трансформација на општествениот капитал, неминовно да се донесе закон за денационализација, односно како што се нарекува институција. Зошто сметам дека е тоа неминовно? Затоа што само на тој начин ќе покажеме дека нешто пред 45 години во оваа држава е направено со криминал, со државна тортура, со уништување на луѓе, со убивање на

II/9.-

луѓе со класичен грабеж на богатството на една класа, на еден граѓански слој што сме го имале во Република Македонија. Тоа е она основно право ако сакаме да зборуваме и ако сакаме и понатаму да се гордееме дека з Македонија воспоставуваме правна држава. Нема , господа, правна држава, се додека во република Македонија не се направи вистинска институција, додека се она што е национализирано некогаш и за што луѓето оделе во затвори денеска не им биде вратено на тие луѓе.

III/1.-ДВ/МЛ

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За да не испадне дека сум јас некаков лобист веднаш ќе ви кажам дека од таа денационализација мене лично не ми е земено никаков имот меѓутоа токму затоа сметам дека правдата во овој случај мора да се задоволи. Овој проблем со Законот за трансформацијата на општествената сопственост е опфатен само со една кратка глава, со неколку реченици, што сметам дека ќе предизвика многу повеќе хаос во целата оваа состојба отколку да реши некој проблем од враќањето на имотот на оние што им е одземен во периодот од 1945 до 1955 година, можеби и подоцна бидејќи знаеме дека системот кој го имавме досега не се срамуваше ова што ќе посакаше да го одземе на кое било место да го направи без било каков проблем, со прогласување, нормално на државен непријател на оној кој ќе се спротивставеше при одземањето на овој имот. Тоа е основната работа. Тоа е буквата А на сите оние држави од источниот свет во кој спаѓавме и ние и уште спаѓаме, кои почнаа да ја приватизираат државната, .^односно југословенските републики општествената сопственост. Ако сакаме да бидеме праведна држава, ако сакаме во оваа држава и понатаму да функционира системот на правна држава мораме да појдеме од таа буква А, а јас навистина сметам доколку оваа Влада имаше навистина таква желба, имаше премногу долг простор, а некаде повеќе од 2 години, можеби пред една година, можеби пред пола година да го донесе овој закон и посебно досега да се средеа проблемите, да се дефинираше сопственоста а денес навистина да зборуваме за еден нов закон на она што се нарекува останат општествен имот кој не е вратен и не е приватизиран по пат реституција во Република Македонија. Тоа е првата работа што сметам дека од овој закон ќе направи еден закон со уште поголем хаос со уште поголеми

забуни во целата, она што го нарекуваме сопственичка сфера денес во Република Македонија и сите непогодности и непријатности што ги имаме и допрва што ќе следуваат од овој закон. Тоа е првата работа што сакам да ја кажам за законот како комплетен закон.

Понатаму, истото тоа беше плод на неколку критики од страна на некои дискутанти овде. Мене не ми е јасно зошто Владата на Република Македонија законот го нарекува закон за трансформација на претпријатијата со општествена сопственост, а зошто ова не е закон на комплетната општествена сопственост во Република Македонија. Самото име на овој закон мене навистина ми мириса дека Владата и министерот Миљовски навистина немаат расчистено што значи приватизацијата во државите во кои постоеја комунистички системи на управување во Република Македонија. Се поставува прашањето ако со овој закон ја решаваме|само трансформацијата на претпријатија- та со општествен капитал, тогаш што и кога ќе се приватизира и што ќе се прави со онаа општествена сопственост која не и припаѓа на претпријатијата со, општествен капитал . Тоа е основната работа.

Второ, се поставува едно големо прашање, бидејќи овде на самиот почеток Владата ни кажува кои претпријатија од кој вид нема да се приватизираат, а каква сопственост останува и понатаму во тие претпријатија кои не се подлежени  на овој закон за приватизација. Дали и понатаму ќе ги викаме претпријатија со општествен ка- питал. Јас незнам од кои причини Владата на Република Македонија се плаши да ги дефинира работите до крај. Зошто немаме вистинска дефиниција на сопственоста што ја имаме во Република Македонија. Сигурно дека тука дополнително отежнување ние го .имаме со наследството од терминологијата на социјалистичкото самоуправно општество на СФРЈ, бидејќи ние знаеме дека во другите комунистички држави имаше

државна сопственост. Ние бевме еден повисок степен од таа државна сопственост, имавме општествена сопственост што ја нема ни на исток ни на запад, меѓутоа 45 години, уште се сеќавам на тие лекции по марксизам како к?Г кажуваше наставничката по марксизам дека општествената сопственост е највисок степен на сопственост кој го нема ниту на исток ниту на запад, а единствена специјалност и најдобар систем е во рамките на СФРЈ. Се поставува навистина сега прашањето што со таа општествена сопственост во Република Македонија. Зошто Владата на Република Македонија се плаши железниците, рудното богатство, патиштата во Република Македонија, ако треба и поштите нека се направи една проценка и да се види што е тоа што може' да се прогласи за државна сопственост. Зошто Владата на Република Македонија се плаши од поимот државна сопственост, ако гледаме дека и најразвијните капиталистички држави го имаат терминот државна сопственост и се знае што е приватна сопственост, што е државна сопственост. Јас сум повеќе од сигурен дека ваквото дефинирање на сопственоста до крај ќе биде уште повеќе гаранција дека пљачките, криминалот и грабежите ќе им се стави точка еднаш за секогаш во Република Македонија. Меѓутоа, ние гледаме дека Владата очигледно и понатаму ќе го тера македонското граѓанство да ги употребува термините од типот општествена сопственост или незнам каква сопственост онаа има намера да ја крсти и кога ќе биде надвор од приватизацијата. Тоа е втората работа која ја имав како голема замерка за немање на јасна претстава, што е тоа што се приватизира во Република Македонија, што е тоа што останува неприватизирано во Република Македонија и како понатаму целата оваа процедура ќе се одвива во нашето сто- панство.

III/4.-

Кога зборуваме за самиот закон јас исто така сметам де- ка Владата на Република Македонија недоволно му објаснува на македонското граѓанство и на целата македонска јавност што е тоа што не чека со донесувањето на овој закон. Јас можам да кажам дека тоа сигурно нема да биде специфичност само за нашата држава, тоа е специфичност за целиот источен свет, а тоа е после трансформацијата од државна односно општествена сопственост во приватна да настанат одеднаш огромни социјални немири огромен технолошки вишок, огромно паѓање на индустриското производство и се она што значи еден колапс односно економска криза во дадената држава. Зошто на тоа го потенцирам моментот? Го потенцирам чисто од политички при- чини. Кои се тие политички' причини? Затоа што јас .сум повеќе од сигурен дека, како што имавме со раскинувањето на еднопартискиот систем и воведуваше на повеќе партиски систем веднаш коментари кај народот велејќи еве овие сега се караат во Парламентот. Подобро ни беше порано во еднопартискиот систем. Денес ќе ги имаме истите тие критики од поширокото граѓанство и во поглед на економските процеси.

Сигурен сум дека секој граѓанин кој не е упатен во целата работа повторно ќе ги слушаме коментарите, па чекајте. зошто поминавме на слободен пазар, зошто поминавме на приватизација кога сега ни е полошо отколку кога живеевме во рамките на договорната економија во рамките на комунистичкиот систем на стопанисување, кога многу работи беа повеќе средени. Токму тоа прашање треба да им се објасни на граѓаните на Република Македонија дека формалното преминување на Република Македонија од комунистичко стопанство во она што се нарекува класичен капитализам, не е капитализам од развиен европски тип кој го имаме денес на прагот на 21 век, туку Македонија со дебаклот на комунистичкото стопанство во овие 45 години се враќа на

капитализмот, на почетокот на 20-от век, а може да се каже дури и крајот на 19-от век, во едни европски односно светски рамки. Тоа ќе биде нашата катастрофа која мораме да ја прифатиме сите дека почнуваме буквално од нула, почнуваме од онаму каде што европските нормални држави и останатите источно европски држави го имаат продолжено патот што источниот свет е запрен со Октомвриската револуција од 1918 година, а државите што живееја во бивша Југославија со Социјалистичката револуција со крајот на 1945 година.

За тоа зошто во Македонија денес ќе следуваат големи раслојувања, големи социјални немири и уште поголем пораст на економската катастрофа во Република Македонија, сигурно треба да се додаде дека само со овој закон како закон за трансформација на општествениот капитал повторно нема да ги постигнеме ефектите што сакавме да ги постигнеме, а тоа е ефикасна економија, флексибилна економија и конкурентна економија на западните и источните европски држави. Зошто нема да постигнеме? Затоа што овој закон како закон не претставува ништо. Претставува можеби само една почетна точка. Меѓутоа овој закон без вистинска даночна политика, без вистинска царинска политика, без банкарски систем, без уредување со законски мерки, со се она што значи европски принципи во тој поглед и уште поголема либерализација во целата онаа сфера што се нарекува финансиско - монетарна, ние нема да постигнеме ништо. Овој закон без вистинска гаранција на странскиот капитал кој доаѓа во Република Македонија, јас гледам дека во овој момент ние со ништо не му гарантираме на странскиот капитал доаѓање во Република Македонија, повторно ќе биде една празна хартија, еден празен документ со кој сите ние за кратко време само ќе видиме дека сме донеле односно имаме повеќе штети отколку погодности и развој на цела економија во

Република Македонија. Меѓутоа гледаме дека Владата на Република Македонија во сите овие сфери кои треба да бидат регулирани со закони и понатаму спие. Во таа смисла јас само ќе го кажам податокот за кој повеќе од сигурен сум дека ако не беа овие притисоци на овие неколку посети на Европската и Светската банка во последниот месец каде што директно посетите беа сврзани и со директен притисок на Владата за донесување на законот за приватизација, јас сум сигурен дека до ден денеска ние сеуште овој закон за приватизација немаше да го разгледуваме во македонскиот Парламент. Така ќе биде и со многу други закони кои ни се потребни на- вистина да зборуваме за она што го нарекуваме досега капитализам во Република Македонија. Тоа е она што се однесува како конкретни забелешки на овој закон и околу законот.

Конкретно, кога доаѓаме до самиот закон не можам а да не кажам и една друга работа. Во бизнисот сигурно некои се приватни бизнисмени и тие имаат многу подобро искуство во овој поглед. Кога го работите овој бизнис најважна од сите работи е довербата во партнерот со кој го правите бизнисот. Ако немате доверба во партнерот со кој го правите бизнисот, јас можам да ви кажам дека работата веќе половина ви е пропадната. Зошто го спомнувам тоа? Во оваа ситуација партнер на опозицијата, значи на ВМРО-ДПМНЕ, на другите опозициони партии можеби не се однесува, незнам која партија како го прифаќа тоа. Меѓутоа на севкупното граѓанство на Република Македонија партнер во овој бизнис што го правиме сите ние е Владата на Република Македонија.

Сега се поставува прашањето дали јас како пратеник во овој Парламент, а верувам и многу граѓани во Македонија ја имаат таа минимум основна доверба со партнерот со кој го прават бизнисот, а тоа е

Владата на Република Македонија. Ако спомнеме дека овие две години наназад, а посебно се карактеристични петте или шесте месеци со доаѓањето на новата Влада на чело со премиерот, корупцијата, криминалот, митото, директното учество на одредени министри во зделките што се нарекуваат класична мафија, поврзување на одделни полициски кругови директно со она што се нарекува класичен криминал на скопските или пазарите ширум Македонија, доаѓаме веднаш до заклучокот иако навистина го почувствуваме широкото расположение на граѓаните доаѓаме веднаш до заклучокот дека овие граѓани кои живеат во Македонија, нивниот степен на доверба кон оваа Влада е минимален, односно дека не може да очекува ништо подобро од онаа состојба што сме ја имале досега. Значи можеме да претпоставиме дека и понатаму со овој закон не само што ќе биде запрен грабежот на општествената сопственост, односно државната, туку ќе имаме уште поголемо разгорување на тој грабеж.

Јас ќе се задржам само на неколку моменти во законот кој ни е понуден од страна на министерот Миљовски токму во таа сфера за уште поголем грабеж во Република Македонија, за уште поголема корупција и за уште поголем криминал. Ќе се задржам на неколку членови односно делови каде тоа може на најидеален начин да се изврши.

Прво да застанам на Агенцијата која ми се чини од многу пратеници овде, и од позицијата и од опозицијата наидуваше овде на критика.

Во членот во кој ни се нуди Агенцијата во Република Македонија, Владата односно министерот вели вака: "Агенцијата е составена од 9 личности именувани од Владата и од редот на компетентните стручњаци. Јас еднаш се обидов овде терминот компетентни личности да го

III/8.-

објаснам, тогаш беше добро сфатено, меѓутоа, објаснувањето од другата страна беше на друг начин. Значи каде е првата голема манипулација што ќе ни се случи со законот за приватизација.

Ние во Република Македонија нема да добиеме никакви компетентни стручњаци, туку ќе добиеме една класична агенција составена од претставници на коалиционите партнери. Најверојатно ќе има двајца - тројца претставници од ПДП, значи албанци ќе бидат под клуч ставени и веднаш ќе се познаваат кои се од СДС, кои се од Социјалистичката партија, кои се од Либерална партија - Реформски сили. Значи ќе добиеме една класична коалициона агенција составена од таканаречени компетентни стручњаци.

Кои се тие критериуми со кои ќе се гради стручноста на тие луѓе? Никакви други компетентности освен партиска припадност, партиска лојалност и барање на послушни луѓе кои понатаму ќе ја вршат целата трансформација на начин како што ќе заповеда Владата. Значи тоа е првиот дел. Ќе добиеме една класична коалициона агенција.

Втора работа, веќе поминуваме на самиот закон. Каде се можностите за криминал?

Во третата глава од законот се кажува за начините на продажба на малите, средните и големите претпријатија при што се даваат можности како да се продаваат малите или идеален дел од претпријатијата. Јас господа на сите вас ви гарантирам дека ние ќе добиеме овде класичен масакр на се она што денес се нарекува или според таа терминологија што овде ни се нуди од страна на министерот ќе добиеме класичен масакр на се она што се нарекува мало претпријатие во Република Македонија или идеален дел од тоа мало или средно претпријатие.

III/9.-

Зошто пред малку реков дека ние нема сега да влеземе од комунизам во капитализам на европските држави од 20-от век туку ќе влеземе од комунизам во капитализмот што бил во европските држави на почетокот на овој век каде што ги имавме оние слики што многу добро ги знаеме, на тие немилосрдни капиталисти, на тие немилосрдни луѓе кои грабат по капитал. Токму тој парадокс сега ќе ни се случи. Директорите кои до вчера беа поставени или личностите кои се сврзани со тие директори, затоа што беа одлични комунисти или одлично ја штитеа општествената сопственост, денес ќе станат најголемите капиталисти во Македонија и тие ќе бидат немилосрдни во уништувањето на своите претпријатија за да тоа претпријатие на крај во договор на директорот и агенцијата да се процени на што пониска вредност за да може на крајот тоа претпријатие да се приватизира на начин кој пак во договор со таа агенција извесниот директор ќе го приватизира или групата што е околу тој директор. Во таа смисла и го спомнувам тој класичен масакр затоа што бевме сведоци на неколку такви примери кои се случуваа во последната година со интерните акции, а сега целиот овој процес само ќе биде уште позабрзан и навистина од овие мерки не само во догледно време што нема да очекуваме позитивни резултати, туку можеме само да го следиме и понатамошниот пат на економската целокупна состојба во Република Македонија. Истото тоа можеме да го кажеме за големите претпријатија и средните претпријатија каде се нуди варијанта сопственикот односно оној што сака да го презема управувањето со тоа претпријатие може да вложи 10 или 2 0% од вкупната вредност. Каде се тука манипулациите? Манипулациите се прво во самата агенција. Јас сум повеќе од сигурен дека центарот на сите манипулации кои ќе излегуваат од овој закон кој се нуди од нас ќе биде никој друг освен агенцијата во директна координација со Владата. Тоа за кратко време ќе го провериме сите ние

во пракса. Што ќе се случи? Замислете вие еден наш партиски определен, како што беше досега принципот, директор во договор со агенцијата. Прво фирмата која вреди 10 милиони долари ќе ја процени на 5 милиони долари, фати од тоа 10% а на крајот, знаеме ние какви се вешти стручњаци ние имаме во тој поглед, од една фирма која вредела 10 милиони долари на крајот може да се појави таа фирма во приватна сопственост на оној кој ги дал тие 10% од вредноста, а од онаа вредност што навистина била 10 милиони долари добиеме само една фабрика со куп железо која веќе на никој нема да ни служи и илјада работници оставени надвор од фирмите. Токму затоа и го потенцирам овој момент. Секаде законот за приватизација и се она што се прави со бизнис е потпрено на она што се нарекува основна доверба на оној со кого го правиш бизнисот. Јас лично како пратеник, како граѓанин на Република Македонија можам да ви кажам дека мојата доверба во оваа Влада што ќе ја спроведува оваа приватизација во Република Македонија е нула и не очекувам дека овој закон за приватизација ќе мрдне од својата точка на она што се нарекува некаква правичност во сето тоа или пак правна држава во целиот овој систем. Напротив, за многу кратко време ќе видиме каков масакр, буквален масакр ќе ни се случува посебно во малите фирми, средните фирми и таканаречените фирми кои имаат идеални делови од претпријатието кои можат исто така за кратко време да се уништат и веднаш после тоа да се појави некој кој ќе го откупи сето тоа. Тоа се моите забелешки на она што се нарекува конкретен закон за приватизација и тука во таа смисла веднаш ќе се задржам на нешто што е исто така повеќе од политички аспект, можеби и од економски, меѓутоа сепак повеќе од политички аспект.

Прво, овој Парламент треба да го донесе законот за приватизација на Република Македонија.

IV/1 СП/ЛБ

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ** (продолжение)

Господа, што се случува? Многу пати во Република Македонија преку средствата за јавно информирање можеме да слушнеме дека Парламентот на РМ претставува циркус. Јас, со многу такви квалификации, кога станува збор за политички квалификации не се согласувам, меѓутоа, навистина, самите вие со донесувањето на овој закон во ваков Парламент што го имаме навистина покажуваме дека во РМ циркусот е легализиран. Зошто? Три пати на оваа говорница го потенцирам прашањето до сега ако сакаме да бидеме Парламент на повеќе партиска држава, ако сакаме да бидеме Парламент на една демократска држава мора сите пратеници во Македонскиот Парламент да бидат професионализирани, да бидат парламентарци професионалци. Тоа е нормата и чинело волку, ќе чини волку. Се поставува прашањето дали сакаме Парламент? Која држава од европските држави нема професионален Парламент. Секаде основното правило на еден демократски Парламент буквата А е Парламентот да биде составен од сите парламентарци професионални личности. Тоа не е случајно направено на запада затоа што сигурно имале многу поголемо искуство. Зошто го спомнувам сега овде и оној циркус за кој зборував и за кој многу пати не крстуваат зошто навистина циркусот го потврдуваме.

Погледајте луѓе, ние овде во овој Парламент за овој закон за трансформација на општествениот капитал имаме случај каде најмалку една половина од пратениците што гласаат овде се директори на фирмите кои се подложни на овој закон за приватизација Тоа ни е реалната состојба. Добро, случајно, нормално тие директори или не е случајно се најмногу припадници на СДС, припадници на Реформските сили и Социјалистичката партија. Некои примери имаше спомнувано дека некои директори што седат како пратеници во овој Парламент веќе 100% к ги имаат приватизирано своите фирми. Не сакам да ги спомнувам фирмите луѓето ги знаат. Јас постојано го потенцира тоа, луѓе, ова што

го правиме ние сега овде директори како директни лобисти овде да кренат рака и да речат јас гласам за законот за приватизацијата на мојата фирма каде сум директор, тоа го нема никаде во светот. Најдете ми една држава каде постои ваков парадокс во светот. Ние мораме еднаш за секогаш конечно да решиме или ќе бидеме вистински демократски професионален Парламент или ќе бидеме ваков Парламент каде е ова е веќе криминал. Јас не можам со ништо друго да го наречам освен, јас ве молам, во Америка лобистот е регулиран со закон. Местото на лобистот не му е да седи во клупите на конгресот или на сенатот, туку местото на лобистот му е да седи во ходникот, па да разговара со овој сенатор, со овој конгресмен да врши влијание. Во секоја западно европска држава секој оној што има приватна фирма ако сака да биде во структурите на власта прво ќе ја префрли фирмата на некое друго име, па потоа ќе може да влезе во Парламентот. Ние денеска во Македонскиот парламент имаме случај директни директори на општествени фирми најнормално овде си седат и си расправаат за законите не само за овој закон овде случајот е најкарактеристичен, највидлив. До сега имавме десетици закони од економската сфера каде тоа постојано ни се повторуваше.

Се обраќам до претседателот на Собранието, до премиерот на Владата , до претседателот на државата дајте еднаш за секогаш да престанеме со овие циркуси и со легализација на неправната држава во РМ. Јас навистина ги замолувам сите оние директори кои седат во овој момент, кои се опфатени со овој закон за приватизација во Парламентот кога ќе дојде гласањето или пред тоа да им се даде пауза од два - три дена да си дадат оставки на местата директори на нивните фирми и овде да станат вистински професионалци или да се воздржат од гласањето по овој закон затоа што навистина сметам дека е крајно време во РМ и овој Парламент еднаш за секогаш да почне да функционира како правна

држава инаку да ве потсетам дека е тоа обврска и според новиот Устав на РМ и навистина овој начин на работа по пат на делегатско одлучување како што беше до вчера, еднаш за секогаш мораме да го прекинеме во РМ. Нормално, јас не верувам дека многу свеста на овие директори - пратеници што седат во овој Парламент чии фирми треба да се приватизираат нешто ќе се направи во нив, меѓутоа, сметам дека тоа е обврска не само на нас како парламентарци, туку тоа е обврска и на претседателот на Собранието, а пред се на Владата на РМ ако сакаме навистина да зборуваме за правна држава, демократска држава, и држава во која навистина сакаме да му застанеме на пат на се она што се нарекува грабеж. Тоа е едната работа како политичка димензија, а може да се нарече и економска димензија.

Втората работа конечно повторно се враќаме сега на самиот почеток на она што на почетокот го излагав и пак е сврзано со довербата на оние кои треба да ја спроведат оваа приватизација.

Денеска законот за приватизација во Македонскиот парламент и пред македонската јавност ни е понуден од една партија која, како што да речеме, ако ги цитираме зборовите на нејзиниот секретар Никола Поповски при расправата во Уставниот суд дека за одземање на зградата на бившиот ЦК директно рече дека тие се чувствуваат како наследници на КПЈ од 1919 година. Знаеме дека партијата која денеска го нуди овој закон на некој начин на првите повеќе партиски избори излезе со името СКМ-ПДП. Кој е тој парадокс за кој сакам повторно да отворам едно големо прашање што сметам дека навистина треба да привлече дискусија.

Денеска имаме една парадоксална состојба една партија која се чувствува наследник на КПЈ од 1919 година која знаеме дека во својата програма приватизацијата и приватната сопственост од 1919 до 1941 година, најпрвин ја имаше како најголемо зло и незнам колку жртви

паднале за тоа, ако земеме предвид дека истата таа партија е наследник на Социјалистичката револуција, бидејќи ние сите се сеќаваме како што не учеа дека борбата што се водела на територијата на бивша Југославија, а со тоа и во Македонија за време од 1941 до 1945 година, не била само национално ослободителна, туку била и социјалистичка револуција. Сега се поставува прашањето како таа партија која цело време тој приватен капитал, таа приватна сопственост ја прогласуваше за најголемо зло на РМ денеска со едни обични реферати за кои јас реков дека можат да им позавидат и десницата во Европа ни нуди приватизација во РМ. Оттука сметам дека во РМ се случуваат денеска два парадокса. Луѓето кои во поглед на самостојноста и независноста на РМ 45 години како партија или личности правеа се и сешто да се блокира, затвораа, убиваа, мачеа и ја исфрлија идејата Југославија како највисок дострел денеска во РМ ни прават самостојна и независна Македонија. Тој парадокс е уште покарактеристичен во економскиот систем. Истите тие луѓе кои во периодот од 1945 година, или 19 55 година секој оној што имал дуќан му ставале табла на вратот на која пишувало овој е капиталист, трул капиталист или имало случаеви во некои градови кои таквите приватници кои имале еден или два дуќани или некој поголем земјишен имот го впрегнувале во ѕевгар каде што им стоела табла дека овие се непријатели на нашиот систем, истата таа партија која правеше колективизација и на тој начин затвори и отера стотици и стотици земјоделци од сите краеви на РМ . Истата таа партија која 45 години ни повторуваше преку средствата за јавно информирање, преку школскиот систем дека општествената сопственост е највисок дострел на сопственоста, дека приватната сопственост е најголемо зло за нашата држава, истата таа партија денеска ни прави приватизација во РМ и ни кажува колку е добро ние во РМ да ја направиме приватизацијата.

Повторно ќе го поставиме прашањето зошто некои работи не ни одат во РМ и во политичкиот систем и 'во економскиот систем. Не ни одат токму затоа што ние живееме и можеме да се наречеме дека сме земја на парадокси. Самостојноста и независноста ни ја градат луѓе кои до завчера убиваа оние кои се бореа за самостојност а приватизацијата и воведот во слободниот пазар ни ги прават истите тие луѓе кои до вчера оној кој ќе речеше дека сака да има еден обичен дуќан го прогласуваа за најголем непријател на оваа држава.

Од тука, можам само да кажам уште еднаш овој закон за трансформација како трансформација можеби има добри моменти во негс меѓутоа, повеќе од сигурен сум дека ќе ги има истите оние резултат^ со уште покатастрофален ефект кој го имавме и досега во РМ.

Јас не можам да и верувам на оваа Влада , не можам да им верувам на овие луѓе кои денеска ми зборуваат за приватизација во РМ и сметам дека токму тоа ќе биде поразот на новата економска програма која се нуди на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, се согласувам со констатацијата дека на дневен ред е еден од можеби најважните закони од економската сфера кои ќе ги донесеме со фактот дека практично со донесувањето на овој Закон и неговата примена во стварноста за прв пат можеби така поконкретно ќе се дојде до реализација на сите оние ставови, мислења и декларативни изјави ќе почнат да заживеат во праксата, па така и прв пат можеби ќе дојде до реална промена на самата структура на стопанството.

Инаку, исто така се согласувам дека овој закон од некој беше нарекуван како нов устав, мал устав, економски устав и слично на тоа со што исто така се согласувам иако можеби амбиентот во кој за него

дискутираме не е соодветен на важноста на овој Закон, меѓутоа тоа е тоа, па спрема тоа секако дека е битно што и како ќе се усвои овој закон.

Најпрвин би сакал во врска со законот да кажам една констатација.Факт е дека сите партии се залагаат за приватизација тука апсолутно сите се согласуваме. Меѓутоа, проблемот е да не направиме било каква приватизација, туку да направиме некоја приватизација со која би дошле до ефикасно стопанство. Сега се јавуваат дилемите кој би бил тој пат кој би го избрале за да дојдеме до тоа ефикасно стопанство.

Можеме да се послужиме со примерите од некои земји кои пред нас вршеа трансформации, меѓутоа, генерално може да се каже дека кај сите има лошо искуство. Дури може и да се каже дека практично добар закон за приватизација немаше во ниедна држава од овие бивши социјалистички. Имавме некои повеќе или помалку лоши, меѓутоа во некоја од досегашните држави даде резултати кои би биле задоволителни верувам дека ни една не може да се пофали. Веројатно како последна од бившите социјалистички држави што носи- ме ваков закон би требало да земеме некаква поука од претходните и веројатно би требало да бидеме нешто поуспешни во овој процес од колку другите земји. Тоа да го направиме, мислам дека треба да се направат некои анализи.

Првото прашање што се наметнува која е целта на приватизацијата? Децидно е кажано и во образложението на законот дека целта на приватизацијата е да се дојде до ефикасно стопанство. Меѓутоа, стои еден факт дека сепак би требало и во овој процес на трансформација да имаме некоја правенодст. Сигурно не би смеело да биде занемарена праведноста како некој елемент кој би овозможил да дојде до некакво реализирање на законот во практиката. Инаку, до колку биде неправеден веројатно ќе се судриме со големи проблеми во

реализацијата на овој закон што може да придонесе да не дојде до вистинска реализација на него. Сега овој аспект за праведноста на овој процес на трансформација би кажал дека и едни и други аргументи држат. Едните аргументи зборуваат за тоа дека сегашната општествена сопственост односно претпријатијата во општествена сопственост по некоја логика се практично државни, бидејќи почетниот капитал односно основачкиот капитал бил даден од државата или од некоја државна институција дали Собрание на општина и сл. И тоа држи, меѓутоа, не може да се земе генерално насекаде . Има и еден друг момент голем дел од тие организации кои биле основани од страна ан државата тие кредити односно тој основачки влог го враќале., Нормално се јавува проблемот како го враќале дали со реални камати , дали имало можеби некои опростување и слично. Меѓутоа, таа била каматната политика во тоа време и така се враќале. Спрема тоа сега кога повторно одиме на некое поопштествување и го нудиме на работниците се јавува онаа дилема кај повеќето вработени во стопанството кои размислуваат вака. Ние еднаш тоа што ни го даде државата го плативме зошто сега, ако сакаме пак да бидеме сопственици на ова уште еднаш да го плаќаме. Држи и тоа макар да држи и некоја западна логика дека оној што те основал, кој го дал почетниот капитал тој е газда на самата организација. Затоа ценам дека тука би требало да се направи некаков компромис.

Инаку, при гледањето на овој закон односно при неговата анализа повторно се враќа онаа дилема дали нашиот закон е добар или лош. Навистина бев во дилема кој третман да го дадам за овој закон лично мое мислеше да усвојам, па тргнав од онаа народната која вели "добриот коњ има 100 маани, а лошиот само една". Таа едната ја знаете која е не е добар. Прифатив дека и во овој случај еве имаме  добар коњ можеби,

меѓутоа, со некои мани барем по мое размислување кои би требало и сеуште е можно да се доисправат оти ќе имаме дополнително амандманска расправа и веројатно јас имам поднесено свои амандмани затоа и би се направила и некоја исправка на некои моменти.

Би тргнал од еден прв момент во самиот закон, а тоа е самиот акт на проценка на претпријатието. Се поставува прашањето со каква цел се прави проценка на претпријатието. Звучи логично проверката се прави за да се дојде до реалната вредност на претпријатието. Меѓутоа, иако законот тргнува од некаква економска логика и самиот предлагач во најавата рече дека исклучиво се тргнува во некаква пазарна односно економска логика односно идејата ако сакаш нешто да добиеш треба да платиш. Самиот чин на проценката по мене претставува еден акт кој не е примерен на пазарната економија. Што значи актот на проценката? Да речеме ова пенкало (го покажува пенкалото) ако го понудам на проценка веројатно сите од нас 120 пратеници би дале различна цена на неговата вредност. Можеме да анализираме тој има ова и она, меѓутоа, некој ќе рече ова чини 1 денар, друг ќе рече еден ипол денар, трет ќе рече денар и триесет. Која би била реалната проценка. Можеби решение би било да формираме некаква комисија или да повикаме некои луѓе кои се многу умни, ги знаат тие работи и тие да ни кажат која е цената. Меѓутоа, и тоа ќе внесе дилеми дали е и таа цена реална. Во стварноста која е реалната цена на еден производ односно во овој случај на едно претпријатие? Реална цена е онаа која некој е подготвен да ја плати без разлика колкава е проценката. Спрема тоа, зошто да правиме проценка? Нема логика апсолутно да се прави проценка. Посебно проценката бара и некои други моменти.

Прво, ќе одземе доста време, тоа е многу веројатно со што би се успорил процесот на приватизација, а истовремено би овозможил многу можности за малверзации.

Трета работа е дали имаме доволно екипи кои ќе можат да вршат проценка или ако сакате, ако се задржи овој модел или се оди на некаква реална проценка во која јас подразбирам попис на сите основни средства на актива, на пасива дури попис на репроматеријали тоа е процес кој ќе трае доста време, најубаво е да се регистрира едно претпријатие за проценка, бидејќи многу ќе се бараат тие и на тој начин верувам дека тие претпријатија во наредната година дена најдобро ќе профитираат, бидејќи сите ќе мора да се проценуваат, значи ќе имаат работа и нивното мислење ќе биде многу важно.

Сега, пак останува еден момент таа проценка колку ќе биде реална. Во Законот е предвидена ревизија на тоа, меѓутоа, имавме едно такво искуство контрола на контролорите во претходниот систем која никако не функционираше. Ако некоја работа е направена така да треба некој друг дополнително да ја контролира, па контрола на таа контрола во суштина сето тоа паѓаше во вода и пак не доаѓавме до реалните состојби. Спрема тоа, ценам дека проценката како еден од основните елементи во процесот на приватизацијата би требало да се упрости, па дури да речам и не треба да постои.

V/1.- СС-ВБ

**РИСТО СТАНКОВСКИ** (Продолжение:

Јас верувам дека Владата во Упатството што ќе го даде за вршење на проценка, според мое размислување, најдобро би било можеби да се земе книговодствената вредност по групи на основни средства и тука да се прават некои преценки. На пример, основни средства - возила вредноста е таа, но бидејќи се цени дека амортизацијата, законска што била пропишана е помала него што требало, тогаш цениме дека е тука многу повисока таа вредност, па затоа ќе ја намалиме. Или обратно, да речеме аз градежни материјали, цениме дека пропишаните стапки на амортизацијата биле многу мали, па затоа вредноста е голема и треба да се намали. Тоа може на еден начин затоа што ќе дојде до брза проценка на фирмите и тогаш би се одело, според мене, на лицитација на оние фирми што ќе се нудат на продажба. Самиот процес би траел многу побрзо.

Јас имав искуство со една организација каде навистина се правеше реална проценка. Да ви кажам, од лично искуство и со ангажман на сите вработени на оваа Агенција што сега ја имаме, тој процес на проценка траеше 11 месеци. Меѓутоа, имаше и такви апсурди, во самиот процес на проценката, го имав тоа лично искуство опремата за која што јас бев одговорен, компјутерската опрема, откако се направи попис на сето тоа што се има, после една недела ми се јави еден колега и ми рече дека една Агенција му бара да му даде ценовници за таа опрема и ме прашува за мислење. Нормално, јас седнав и напишав дека ова чини толку, она чини толку. Значи, јас ја направив проценката, јас ги дадов цените. Која е логиката некој да проценува од страна кога јас треба да му ги дадам цените, и ќе ги напишам току колку што мислам дека мене ми

V/2.-

одговара. Затоа мислам дека, малку повеќе се задржав на овој момент токму од причината што има доста фалинги во овој дел од проценувањето, а исто така мислам дека ќе го забави процесот на приватизацијата.

Друг момент е она што фали во законот, тоа е самиот факт на контрола во овој преоден период. Според мене, многу е веројатно од денот кога ќе го донесеме законот раководните екипи во разни фабрики и претпријатија што ќе одат на продажба, за што ќе се знае однапред или ќе станат државни или ќе одат на продажба па некој друг ќе биде газда, односно тој раководен тим што е сега веројатно ако не е заинтересиран да биде газда, што би се случило, ќе се случи да имаме нагло примање на нововработени, вработување на нови луѓе со идеја дека за кратко време ќе се добие друг газда, па тој газда нека размислува што ќе прави со вработените.

Втора работа, многу веројатна, да се земаат кредити, да се делат во плати или нешто слично, бидејќи во крајна линија ќе се јави некој друг кој утре ќе треба да ги врати или да размислува што со тоа.

Според тоа, мислам дека тука сеуште нема контрола врз овие моменти и би требало да се предвиди бидејќи може да се случи да тргнеме во приватизација на претпријатие што има огромни кредити,бидејќи можат да ги земаат сега или за кратко време да вработат голем број луѓе, се со идеја дека за кратко време ќе го добие некој друг па тој нека размислува што со ова.

Останува еден момент за размислување, според мене многу битен, што со претпријатијата што се приватизираа по претходниот сојузен закон. И тука има дилеми, дали воопшто да се признае или во овој момент мислам дека законодавецот нашол извонредно решение, прво да не се судри со Уставот па рекол дека интерните акции ги признава, но за да станат нормални, обични акции треба да се платат придонеси и

даноци. Држи и тоа, со тоа што се јавува еден друг проблем, ако малку се размисли веројатно кај многу претпријатија таа сума што треба да се плати за придонеси ќе биде многу поголема од вредноста на претпријатието. Многу поумно би било доброволно да се откажат од тие акции отколку да ги платат придонесите, бидејќи веројатно со многу помалку пари би можеле да ја купат таа фирма.

Според тоа, практично тој закон на некој начин е негиран, меѓутоа лично мислам дека на вработените треба да им се даде во бесплатни акции, ако треба. Го поддржувам она што се кажа за давање одреден попуст, но незнам дали е доволен со неколку моменти:

Нормално, прво се судириме со еден момент дека добро, овие од стопанството ќе добијат, но што правиме со нестопанството? Се согласувам дека тоа стои, но има и еден друг момент. Овие од стопанството ќе добијат некаков документ за некаква сопственост, меѓутоа, ќе добијат и една многу голема неизвесност што утре со нив Многу е веројатно, преоценките зборуваат, можеби преку 30% од сегашниот број на вработени во стопанството, после приватизацијата ќе останат на улица без работа. Незнам, тоа зависи до секој човек индивидуално, прашање е кој со што повеќе ќе се согласи. Дали некој ќе се согласи да работи во нестопанството, така би имал сигурност и гаранција за работното место или би се согласил да добие парче хартија со некакви акции кое истовремено му кажува дека за два или три месеци можеби ќе биде некаков акционер односно газда, но нема да биде работник. Таа несигурност ќе биде присутна во стопанството за разлика од овие во нестопанството. Тоа е присутно, тоа беше и до сега, тоа е факт. Може да анализираме, меѓутоа, од стопанството, веројатно за последниве, еве нека бидат последниве 5 години, илјадни луѓе отидоа и останаа без работа, било по основ на стечај, по основ на технолошки

вишоци, понудени одмори итн. Во нестопанството нема отиден ниту еден ниту на принуден одмор, ниту под стечај итаа сигурност ја нуди државата.

Сега велиме дека бараме рамноправност. Ајде да бараме и во ова рамноправност. Ако бараме рамноправност во ова, тоа значи да не смеат да се испуштаат работници, да останат сите толку колку што се, да има сигурност на работното место итн. Меѓутоа, јас би апелирал и, бидејќи постои некоја природна поделеност помеѓу вработените од стопанството и нестопанството, да се размисли и околу овие моменти. Тие се битни при одлучувањето, кога ќе одлучуваме дали да следува некој попуст, дали да не следува, можеби да следуваат некакви бесплатни акции.

Во оваа моја дискусија би се осврнал и на еден момент што беше кажан од претходниот дискутант во врска со претставници, директори во СДС. Колку за информација, да знаете и вие како пратеници а и другиот аудиториум, во СДС нема реално двајца -тројца пратеници директори на фирми во стопанството од кои во двете воопшто нема правено никаква трансформација. Тоа се општествени фирми. Тоа може да се провери.

Според тоа, тезите што беа претходно лансирани не држат. Ако мислевте на нешто друго или беа со некаква друга цел, тоа го прифаќам. Меѓутоа, ако се зборува реално за вистината, тоа не држи и не е тоа така.

Затоа, на крајот би апелирал до сите пратеници дека законот ние мора да го донесеме. Лично би апелирал и до предлагачот дека не смее да ни се случи овој закон да го повлечеме после, кога ќе дојде расправата по амандманите. Клучно е, ваков, таков или поинаков да донесеме закон за приватизација. Барем мое размислување е, било каков закон е подобар од немање на никаков. Сепак, постоењето на овој

закон ќе стави некој ред, ќе канализира некои односи и ќе започне еден процес што ќе дава некаква извесност и на вработените и воопшто на сите. Додека, ако законот по некоја логика се повлече од процедура или не помине, лично сметам дека тоа би било катастрофа и за овој Парламент, можеби и за оваа држава бидејќи нов закон ќе значи додатно време и она што стои кај сите, што се кажа, ќе биде прашаше дали ќе може после во повторната верзија што ќе дојде, веројатно после 3-5 или повеќе месеци ќе ни остане нешто за приватизирање, бидејќи сега имаме масовно приватизирање со кое веројатно сите ќе се согласите дека не се прифаќа, нелегално е, а сите знаете на кој начин е тоа.

Благодарам со надеж дека овој закон, еве можеби во наредните два-три денови ќе го донесеме и практично ќе влеземе како последна држава од бившите социјалистички држави што немаат донесено таков закон.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, веднаш да кажам на почетокот од својата дискусија дека е ова лично видување на Законот за трансформацијата и ќе се обидам да кажам од економски аспект иако овој закон не може изолирано да се гледа бидејќи има и свои политички реперкусии.

Во овие расправи во изминативе денови две содржини, две теми беа доминантни:

Првата беше дека овој закон е неопходен и дека ние мораме да го донесеме од едноставна причина бидејќи нашето стопанство се наоѓа во колапс, во хаос, во несредени односи и мораме да дојде- ме во едно стабилизирано стопанство.

Што всушност значи стабилизирано стопанство? Тоа значи воспоставување на рамнотежа во стопанството и воспоставување трајна вредност на парите.

Како може да се воспостави оваа стабилизација? Може да се воспостави со повеќе инструменти. Еден од инструментите, можеби најзначаен е воведување пазарна економија. За другите инструменти нема да зборувам сега, ќе зборуваме повеќе на некоја друга седница кога ќе расправаме за стабилизационите програми. Сега ќе зборувам само за овој закон за приватизацијата.

Втората тема што беше доминантна, како поправедливо и поправедно ќе се спроведе овој закон? Беа искажани разни начини од кои имаше многу интересни и задоволувачки, имаше и произволни кои доведуваа до разни обвинувања на поедини субјекти за кои јас не се лутам бидејќи понекогаш зависи од кога идат обвиненијата. Може тоа понекогаш да биде и комплимент, зависно од кого доаѓа.

Јас, како и сите вие и огромното мнозинство луѓе како правно - социјално и економски воспитан, никогаш не би се согласил поединечно или групно присвојување на општествениот капитал. Но, исто така не сум согласен овој капитал да остане вака, без титулар, сечиј и ничиј, во една ваква хибридна ситуација во која како незаштитена секој може да посегне по неа.

Ако токму ваквата ситуација не ни одговара и ако го одложуваме донесувањето на овој закон, токму овозможуваме на оние кои сакаат да го присвојат капиталот на нечесен начин.

Овде не се работи само за сочувување на интегритетот на вредноста, туку и за употребата. Знаеме дека средствата за работа треба да се употребат, да постигнат една стопа на продуктивност што би се приближила реално до реалната камата. Сите знаете дека средствата за производство имаат своја цена и своја вредност. Таа цена и таа

вредност во никој случај не смее да се пренесува на потрошувачката и на доходот. Штом се пренесува на тој дел тогаш имаме слабеење на материјалната моќ и не сигурна иднина за сите нас. Токму тоа е она што ние треба да го предвидиме. Непочитувањето на економските законитости во овој случај доведува до слабеење на материјалната сила. Сега, дали ние сите заедно, што е поправедно, ќе ја искористиме на некој начин или незнам, како што некој ги обвинува директорите, епилогот е ист. Средствата за производство се губат и се намалуваат.

Ќе кажам еден пример од почитуваниот Перо Георгиев кого особено го ценам, кажа една добра дискусија, со овој закон во почетокот ќе имаме негативни последици. Но, подоцнежните резултати што ќе ги имаме ќе се од корист. Ако продолжиме сега вака во оваа ситуација, во вакво пренесување на цената и вредноста на материјалните средства, ако немаме новосоздадена вредност, машината со која човекот работи ако не произведува, нејзината вредност се пренесува на потрошувачката и ние секој ден се повеќе и повеќе губиме. Тоа денеска на големо се прави кај нас. Што значи ова намалување на општествениот производ. Што значи ова отпуштање на работниците со 50-60 и 80% личен доход? Значи дека нема новосоздадена вредност. Кога новосоздадената вредност ќе се стави во споредба со она што секако на работниците ние мораме да им исплатиме, тоа значи дека од основните средства, од капиталот ги исплаќаме средствата на работниците. Ако продолжиме вака во догледно време не ќе имаме средства затоа што тие средства не се произведуваат, ако не се произведуваат а нивната вредност се пренесува на потрошувачка, тоа значи тие се или под хипотека или се под залог или ќе треба да ги продадеме после, што значи дека ќе останеме и без средства и човекот ќе остане без работа.

V/8.-

Затоа мислам дека треба да побрзаме со овој закон. Тоа Перо Георгиевски што го кажа, сакам да го поддржам, јас ве уверувам, барем од сопствени убедувања, јас ќе дискутирам овде само на база на своето скромно познавање и малку подолго искуство. Не верувам дека има стопанска гранка или ретки се стопанските субјекти денеска што можат барем за следниве 10-15 години да примаа работници. Сега овде, кога се трудиме сите заедно да го сочуваме ова што го имаме и да го поделиме праведно или неправедно, покажува еден егоизам и себичност. Ние ќе испаднеме дека сме генерација која живее само за себе не мислејќи за други и ќе живее на штета на некоја друга генерација. На која? На идната. Што ние обезбедуваме на нашиот подмладок? Ако вака продолжиме нема да имаме ни училишта, ни факултети дури ни нов подмладок. Или, ако ги подготвиме тие кадри ќе ги подготвиме за некоја друга земја што ќе ги земе готови и ќе ги искористи таму за некое посигурно стопанство.

Затоа сметам дека овој закон треба што побрзо да се донесе.

Овде се расправаме за новосоздадена вредност. Имаше некои дискусии и од мои колеги дека работникот наводно се откажувал од некој сопствен дел и заради тоа сега полага право тоа да го земе. Многу произволни тврдења. Јас тврдам дека работникот се откажувал но тој не се откажувал доброволно.

VI/1/НН/лј

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ**:(продолжение)

Работникот треба да работи за себе, но должност му е тој и да создава репродукции. Тоа е должност. Тоа е обврска на работникот и така се работи правилно. Сега ако ја землеме новосоздадената вредност, да направиме една анализа ќе видиме дека таа се состои од два дела и тоа крајно противречни. Едниот е по економска законитост кој му припаѓа на потрошувачката а другиот на развојот, на акумулацијата која обезбедува иден развој. Тие се во законска меѓу зависност. Не може одвоено да се гледаат и н еможе ниеден работник, иако во законот стоеше - неотуѓиво право е на работникот да одлучува за своите средства и за средствата за работа, за доходот, не може произволно да се оценува доходот. Да се пробивува така како што тој сака. Тие се во непосредна врска и нормално ти како работник треба да ја репродуцираш се кај себе, ама машината да остане не репродуциран па таа машина бара одржување. Или зошто да полагаш ти право на тоа. На пример 10 години да работиш со машината, па кога ќе заминеш во пензија таа машина да се исфрлен. Тогаш треба и нова машина да се донесе. Тоа се тие работи зошто се купувало или се ширело. Друга работа тука е многу значајна.

Ако не се ширел конкуренцијата со сличен или исти производ, се ширела и му го заземала местото на пазарот и тој ќе изгубел и по тој начин, па затоа морал да се шири.

Трета работа, што е многу важна овде е поделбата на акциите бесплатно. Токму Законот на новосоздадената вредност што постои може да дојде до многу непожелни реперкусии. Човекот како човек искон ски секогаш гледа да притграби што повеќе. Кога ќе се спротивстават тие два дела од новосоздадената вредност, она што му припаѓа на човекот како лично, потрошувачка и она за развојот секогаш ќе гледа тој што повеќе да приграби за себе и тогаш ни ќе имаме ситуација која не знам

VI/2.-

дали ќе биде доволно повторно одвојување, за она што зборуваше почитуваниот Петар Гошев, капиталот да репродуцира со помал ставка, а не со 50-60. Јас би рекол и сто пати треба да биде.

Ова до што доведува. Ова досега што го имавме вака доведува до една ситуација ние да имаме еден бескрвен, млитав стопански систем и нормално е дека со нешто треба да се стави крај, а тоа е како прво, овој закон. Јас ќе се обидам да кажам кои се слабостите на тој систем, а тие слабости да дадат виза односно ќе се обидам да ве убедам дека заради тие слабости ние мораме што побрзо да го донесе овој закон.

Да ја погледаме нашата технологија. Технологијата е битен фактор за развојот на едно претпријатие или на една национална економија. Нема инситтут кој може да ја замени нејзе. Секоја држава или секое претпријатие што има поусовршена и посовремена технологија има стартна позиција на пазарот која му дава приоритет и која може извесно време да биде монопол на пазарот. Ние таква технологија овде немам Имаме технологија која се базира на увезени лиценци и тоа скапи лиценци а производите што ги продаваме ги продаваме на пазари каде што тешко може да се очекува таков прилив на девизни средства, како што ги даваме за да ги добиеме тие лиценци.

Другата опасност со таквата технологија е тоа што ако ја увезуваше технологијата нормално е тој што ти дава технологија да те направи и суровински зависен. Кога си суровински зависен своите енергетски потенцијали ти ги става во втор план. Ако се сеќавате ние во минатото галантно се откажавме од некои наши суровински потенцијал како што беше јагленот, памукот, волната и ги заменивме со синтетички материјали кои во првиот момент изгледаа многу поевтини, а замислете

само со еден нафтен шок што стана со нашето производство и какви штети ни нанесоа. Некаде 80-тите години со таквата технологија не можевме да стартувавме никаде на надворешниот пазар, а не секоја земја без оглед колку е таа голема, или колку е нејзиниот внатрешен пазар голем мора да се определи за извоз. Ние за тој извоз не можевме да се определиме затоа што кон крајот на 80-тите години сите силни економии, било да се национални, или претпријатија преминаа од мултинационални претпријатија во глобални претпријатија. Знаете дека мултинационалните претпријатија светскиот пазар го делеа на поедини делови, а глобалните целиот свет го третираа како единствен пазар и со единствен производ. Тоа не е некакво помодарство тоа беше потребно. Сите земји во областа на прхраната, фармацијата,воздухопловството, банките, осигурувањето веќе таму го хомогенизираа светскиот вкус. За нас тоа предизвикува нова локација на добавувачи. На нас јужна Кореа колку ни е далеку, а гледате колку коли имаме јужнокорејски. Значи квалитетот и светскиот производ значи многу.

Втората работа за која сакам да кажам дека е слабост на овој систем е формирањето на цените во нашето стопанство. Никаде во светот господа пратеници нема формирање на калкулативни цени , всушност има секаде, но тие завршуваат во кругот на фабриката за производство. Служат само за да се намалат трошоците и да се стартува со поголема продуктивност. Кога ќе излезе на пазар пазарот ни ја формира цената. Ние правиме обратно. Ние уште оттука, уште во самото производство ја утврдуваме цената на пазарот. Тоа доведува ние да не можеме да се појавиме на светскиот пазар, а бидејќи нашето производство во последно време е доста намалено, тука ја ставам и затвореноста од разни причини и ние сега имаме многу тешка ситуација. Сите претпријатија, сите производители секој на свој начин преку својот производ со кревање на цени сака да стане подоходовен. Познато е

секаде во светот дека во нерегуларни односи на стопанисување претпријатијата не регуларно се однесуваат. Сега што имаме? Секој својот производ го крева до онаа мера колку што може за да постигне стопански резултати и профити и се појавува еден циклус секој сака да живее од туѓиот труд и се шири еден паразитизам. Тоа доведува дека сите ние ја делиме реално истата вредност или намалената вредност, што е многу тешко за една земја. Да не зборувам за земјоделието. Ние овде имаме расправано многу за земјоделието. Вакво земјоделие, со ваква структура на сопственост каде што секој од два декари сака да живее и својот стандард да го обезбедува, или земјоделие каде што имаме стопанство кое не е репродуктивно, кое не обезбедува референции, нема земјоделие кое може да биде ефикасно. Само стабилно стопанство може да поддржува ефикасно земјоделие. И земјоделие кое никаде на светот го нема тоа што повертикала верифицирањето на доходот се гледа само на екстремниот пазар. Ние имаме интерни пазари, никаде во текот на своето стигнување до крај, на пример: брашното, нема верификација. Се додека не се утврди интерен пазар нема добро земјоделие.

Исто така слабост се и инвестициите. Ние за да го утврдиме векторот производ - пазар и да обезбедиме сигурно работење, развој финансии, што го немаме овде, како и низа други слабости, работењето на банките итн. Сето тоа мене ми дава за право да што побрзо се залага за донесување на овој закон. Таквата состојба нас во каква земја не става.

Ние според социјал економскиот развој имаме еден однос како према сите национални добра. Ние сметаме дека тоа е нешто што може до 1% да дојде и една сатурација до таа точка може да остане, дека тоа може да се процени според бројот на оџаците и према капацитетите, како и дека тоа може само да се купи без да се вложи некој труд.

VI/5.-

Втората негативна работа е односот спрема инвестициите. Вие знаете кава е одговорноста према финансиската покриеност. Кон сето тоа немаме правилен однос како што треба и како што го заслужува едно стопанство.

Да не зборувам за времето. Времето во нашето стопанство толку е успорено што во некои моменти ти се чини дека и стои. Или, учењето на природните науки математика, физика, биологија, учењето на јазиците. Со сето тоа заостануваме далеку зад земјите на кои сакаме да им се придружиме со нашиот развој.

Односот према креативната работа на поединци. Воопшто не се цени работата. Гледаме какви стручњаци ни заминуваат во другите земји

Односот према квалитетот на производите и личниот углед, угледот на претпријатието исто така према демократската ситуација, према сообраќајните врски итн. Сега ќе речеме како може само со еден ваков закон сето ова да го поправиме. Може. Може, затоа што ние комплетно со овој закон ќе го мениме амбиентот. Амбиентот на работење амбиентот и експертното опкружување на стопанството. Со овој закон ќе се промени општествено економскиот систем. Ќе се промени економијата политика. Ќе се промени законската регулатив,а ќе се промени даночниот систем, ќе се достигне нов степен на техничко технолошкиот развој и ќе се промени културата. Културата е многу важен фактор. За оваа прилика јас културата би ја ставил во прв план. Зошто? Господа пратеници, сите ние во животот живееме два живота. Едниот живот го живееме во другиот живот учиме. Ако учиме а не научиме, тогаш не ќе можеме ни да живееме. Јас пред неколку години бев во Виена и нормално таму ме прошетаа низ нивните културно - историски споменици, градени во учеа дека времето на Хабзурговците. Сите ние знаеме како не Хабзурговицте биле непријатели на народот и незнам што. Денеска од посетата на Беч, Австрија, годишно инкасира 7-8 милијарди долари. Замислите тоа каква благосостојба е со народот и

сега јас прашувам дали Хабзурговците  биле стварно непријатели на народот. Ова не го зборувам случајно. Јас и пред малку реков дека не сум за нечесно заработување, но од временска дистанца гледано некоја работа, ако еве на пример Ламбе Арнаудовски печалил некои пари, 500-600-тини илјади долари, сега од ова време гледано не се на чесен начин впечалени не е исто. Ката- строфа е за една земја ако се пљачка нејзиното богатство. А поголема трагедија е ако се изнесе тоа. Наша задача е господа парламентарци ние да обезбедиме овде, ако има такви пари, како што тврдеа некои говорници овде, а веројатно кога тврдеа имаат и податоци дека има , ако има такви пари ние не треба да чекаме. Ние треба да обезбедиме такви механизми за да можеме тие пари да ги привлечеме, да ги вложат и на еден начин повторно државата да си ги земе назад парите. Да не се плашите дека нема да ги вложат. Кој што има пари, богатството е благословена вода, колку повеќе ја пиеш, толку повеќе си жеден, и ако ние најдеме механизми и ги привлечеме тие пари, еден прост пример, со 500 илјади марки јас да ги вложам, да вработам 70-80 луѓе во првата година ќе ги вратам парите на државата. Со некоја просечна плата од 300 марки, со придонесе од 200 марки и тие 300 марки заработени некаде во просек 30% данок таму каде што ќе се појави тој како купувач за 5 месеци, или за 1 година парите ќе ги врати тој што ги спечалил. Нормално дека со своето работење и тој ќе добие. Нека добие зошто се плашиме ние некој човек да се збогати ако и тој придонесува за благосостојбата и на некои други кругови, другиот луѓе кои инаку ќе беа во заводот за вработување.

Друга работа. Сега брзо ние ја донесовме кредитно - монетарната политика која имаше рестриктивен карактер. Мислам дека господинот Андов кажа дека и даночниот систем на обработка, иако сум свесен дека даночниот систем може целосно да го преорганизираш и за тоа се потребни 7-8 години, но мислам дека секоја кредитно монетарна политика која е рестриктивна ја прати либерална фискална политика

за да се овозможи експанзија и развој. Ние треба да обезбедиме таков даночен систем во кој ќе имаме многу обврзници за кои данокот не ќе е голем, за да немаат причина тие да го кријат. Кога ќе имаме многу поголем број обврзници, тогаш ќе можеме и да обезбедиме и средства, а тие средства ќе се користат за корисниците. Верувам дека некој ќе рече дека ова Ламбе што зборува е за развиени земји, развојни стопанства, глобални и светски пазари и производи и може да рече некое мечтаење. Не е мечтаење. Сите држави , и Америка после нејзината граѓанска војна и Германија на ваков начин почна да работи. А и да се обични мечтаења. Мечтаењето создава желби кај луѓето. А тие желби кај одредени луѓе , не кај сите обезбедуваат позитивна реакција во нивниот мозок , и тие можат да најдат начин и патишта тие желби да се остварат. Јас ќе кажам искрено. Оваа Македонија има голем интелектуален потенцијал и верувам дека ние можеме да дојдеме до едно пристојно место за живеење во светот. Само од нас господа пратеници зависи кој начин и кој пат ќе го из- береме. Дали ќе го избереме оној пасивниот, лежарниот, што чека во стилот на една источњачка мудрост, дека ништо што е многу многу добро, и ништо што е многу, многу лошо, не може да трае многу,многу долго. Но јас како и секогаш досега, апелирам до вас , вие се претставивте овде како многу енергични луѓе, како многу иницијативни и мислам дека за оваа прилика многу покорисно е да се определиме за мислењето на Алвинтофлер, тоа е еден американски научник и економски стручњак, голем поборник на менаџментот и управувањето кој во оригинал вели вака:

(на англиски јазик го цитира)

Во превод гласи вака: "Навистина не сме беспомошни. Иднината која ни надоаѓа не ни е судбински предодредена , туку таа е плод на одлуките кои денес ги носиме".

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас морам повторно да се јавам, затоа што повеќето од досегашните дискусии воглавно не беа уперени кон основниот текст за такви појави кои немаат многу заедничко со одлуките кои треба денес или идните денови да ги донесеме и кои треба да бидат рационални и корисни за успешното функционирање на државата.

Почитувани пратеници, се наоѓаме на исклучително сложен процес на транзиција во кој улогата на приватниот капитал расте, иако има доста и прелевање на општествениот капитал во приватниот. Меѓутоа за ова прелевање и за ваквите состојби не се виновни исклучиво луѓето што се на раководни места во општествените претпријатија, туку напротив можеме на пазарот да видиме воглавном кои се тие. Многу од дискутантите овде ги почнуваат своите дискусии со зборовите пљачка, грабеж, кражба итн. Ова ми личи на една хајка против одговорните луѓе во стопанството и тоа ми личи на онаа хајка која ја имавме во минатото кога стопанствениците мораа да бидат послушни на водечките гарнитури. Јас немам намера никого да бранам, меѓутоа со нападот на директорите ми личи дека сакаат да се заштитат оние кои навистина направиле или сакале да направат нешто. Ние ги напаѓаме оние луѓе, раководители кои во овие сложени услови на стопанисување сепак го одржуваат македонското стопанство. Јас најодговорно од оваа говорница тврдам дека во најтешка положба моментално се наоѓаат токму овие луѓе кои раководат со општествените фирми и кои се трудат секојдневно да обезбедат производство, пласман и плати на вработените.

**ПАНЧЕ НАСЕВ**: (Продолжение)

А заправо се критикувани од оние луѓе кои многу не направиле за оваа држава. За жал, и министерот во уводното излагање наговести злоупотреби, од кои на некои раководни лица. Меѓутоа, сепак треба да биде аргументирано тоа што се тврди со наоди од официјални органи. Децидно тврдам дека во фабриката со која раководам нема никаков грабеж и злоупотреба и дека работиме во изразит: тешки услови на стопанисување. А во такви услови работат и други мои колеги кои успешно ги раководат и стојат на чело на фирмите. Не можам да се согласам со констатациите дека оваа стопанска гарнитура не знае да работи пазарно. Драги колеги, мојата фирма учествува со 95% од капацитетите во извоз и тоа на западниот пазар, а такви претпријатија во моментот во Македонија има доста и како би работеле тие со толкав процент во извоз ако не знаат пазарно да се однесуваат и да работат, а сите знаеме какви се изострени пазарните услови на западниот пазар.

Второ, не обвинуваат како партија за интерното акционерство т.е. за законите на Анте Марковиќ и се прават алузии на наша стриктна поврзаност со овие закони. Колку јас што знам, тие закони се донесени кога на овие простори постоеше само една партија и беа фалени од оваа партија, од нејзините поединци кои се и овде присутни во оваа сала и од научни институции во нашата Република. Јас исто така мислам дека законот на Анте Марковиќ односно законите беа позитивни и јас ги поддржував и тогаш и сега и тие направија пресврт во однесувањето на стопанствениците и поединците во претпријатијата и се залагам за постоење на правна држава, т.е. да биде исклучено ретроактивното дејство, но ако се утврди дека се работело спротивно на Законот кај некои, тогаш тие нека се посочат со комисиите кои ќе бидат формирани

за ревизија, а не да се прави хајка против сите директори кои имаат извршено трансформација.

Нашите предлози за поделба на бесплатни акции не е чист популизам или недостиг на пазарна ориентација, туку има и длабока основа. Јас тука морам да ви наведам еден пример кој го имав во Астибо пред четири пет години, кога неговата ситуација беше тешка пред се финансиска. Имав разговори со фирми од Запад кои имаа желба да купат еден дел од Астибо и кога го снимија целиот Астибо и финансиски и производно итн., за најголемиот нап погон дадоа еден долар," вредноста му ја оценија 1 американски долар. Сега се прашувам, ако тоа сега се повтори дали тоа ќе се окарактеризира како грабеж. Зошто му дадоа еден долар вредност? Затоа што тие мислеа дека ние немаме производна програма, немаме обезбеден пласман, нема доволно водечка гарнитура и така му ја проценија вредноста. За жал, ние тоа не го прифативме, за жал на нив и во наредните четири пет години капиталот на Астибо се зголеми за 10 пати, така што тој сега вреди многу повеќе и како таков ние сега треба да го предадеме на агенцијата таа да раководи со него. Тоа е главниот аргумент со кој го барам овој став дека треба на таа гарнитура и на тие вработени кои тоа го направиле да се поделат акции бесплатни како заслуга за тоа што го така направиле.

Ме изненадува и дискусијата на пратеникот Поповски кој за жал не е тука, не може да ме слушне, меѓутоа јас морам да го кажам кој напомнав како да сме ние против овој закон, мислам ние како пратеничка група, а сме во коалиција. Што мисли тој, дали овој закон воопшто би се донел ако ние не гласаме за него. А тоа што има повеќе амандмани од нашата пратеничка група значи дека претходно не сме се усогласиле добро и дека законите не се на поединец или одделна партија.

VII/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Листата на говорници е исцрпена.

Дали уште некој бара збор?

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено почитуван, и многу ценет претседателе на Собранието, почитувани дами и господа, бидејќи неколкудневната рас- права е доста долга и исцрпена, јас сум во таква можност да немам многу шанси што ново да кажам на оваа говорница. Затоа ќе бидам краток. Имам една причина заради која излегов на говорница за да соопштам нешто.

Уште на 26 мај 1992 година имав поднесено еден материја во Собранието. Еве, тука стои: доставено до: претседателот на Владата на Република Македонија, претседателот на Комисијата за стопанство, претседателот на Комисијата за економска поли- тика и развој, Секторот за информирање, Документација и библиотека, Архивата. Тој материјал е овде пред мене и заради она што после сакам да го кажам, ќе го цитирам овој мој материјал што тогаш го пропратив, а до ден денес не најде бел ден ниту овде во Собранието, ниту пак во ресорното Министерство или во Владата на Република Македонија, да имаме погодна информација и да отвориме дебата овде во парламентот. Тој материјал гласи:

"Заради -тоа сметам дека е потребно " - да не ги цитирам членовите врз која основа го поднесувам овој материјал - "Собранието на Република Македонија да ја задолжи Владата на РМ да изготви и на Собранието на РМ да му достави информација за состојбите во врска со реприватизацијата на општествениот имот, при што во истата да бидат содржани:

1. Список на фирми кои беа претходно во општествена сопственост со процент во кој се тие приватизирани со интерни акции;

2. Список на имиња на директорите, раководители на тие фирми и нивниот дел во акции во општествените претпријатија;

3. Список на лица кои се на врвни политички функции во Република Македонија кои лично поседуваат акции во споменатите претпријатија или пак нивни сродници од семејството , како и обемот и вредноста на акциите.

Сето тоа да се изрази во денари и марки.

Исто така, сметам дека е потребно Владата на РМ во информацијата да ги изнесе своите намери или решенија за одвивање на процесот на реприватизација, начинот, методите, обемот и динамиката

Ова беше материјалот што јас го испратив на споментата дата и до ден денес немам добиено никаков одговор. Тоа е пропратено во Собранието, од Собранието понатаму не е доставено до Владата и нормално овде не е отворена никаква расправа.

Ова значи дека некој во Собранието на РМ намерно ги кочи работите, иако за тоа имало доволно јасни индикации и доволно потреба во Република Македонија и за оваа проблематика да се води една дебата во овој парламент, претходна дебата за да дојдеме токму и до_..оваа расправа или три четири дена да не расправаме на ваков начин, за да можеме после во помирни води, со ладен ум и разум да дискутираме за законот за трансформација на општествениот капитал. Но до тоа и самите гледате не дојде. Тоа е едно омаловажување на пратеникот што го доставил овој материјал, исто така и на целата пратеничка група која стоеше зад овој материјал исто така и за сиот оној

народ и сите оние луѓе кои денес се загрижени во Република Македонија, што со трансформацијата на општествениот имот во нашата држава.

Ова го истакнувам заради тоа што во овие конкретни и многу сложени состојби, барем во општината Битола, се поставуваат некои дилеми и народот е на некој начин очаен. Досега за овие 45 години се градеше една колективна психологија и се рушеше приватната сопственост. Вие знаете добро дека со принуда и присила им беше одземана земјата на луѓето, одземани мали фабричиња итн., сето тоа се правеше во општествена сопственост и се градеше една колективна свест, една психологија која за време од 45 години за овој временски период влезе во психата на луѓето и таа нудеше досега некаква сигурност. Но сега, каков парадокс се случува? Се случува нешто спротивно. Сега се случува обратниот процес што пред 45 години се случуваше. Што ако пропадне општественото, каде ќе биде егзистенцијата и сигурноста на луѓе- то што се сега вработени во многу фирми и земјоделски комбинати во РМ. Значи, обратен процес. Таман народот се навикна на една психологија на една општествена колективна свест, сега го носиме во еден нов експеримент. Јас затоа велам , бидејќи тој експеримент кој траеше 45 години најопасно и најцелосно во РМ, не сакам и немам желба на нашиот народ, на нашите луѓе да се случи и со трансформацијата на општествениот капитал, т.е. со овој закон што ние треба да го донесеме во овој парламент.

Затоа, мојата дискусија е се со цел да најдеме најрационални решенија и она што на комисии е поднесено како амандмани, да мора министерот да најде начин се што е можно во градењето на таа концепција за трансформација , се што е умесно и паметно од овие

амандмани да влезе, да најде живот во овој закон. Или оние апели што се од страна на Синдикатот, од страна на вработените во повеќе работни организации во Република Македонија и други стопан- ски субјекти или институции, ве молам господине министре со чиста совест дајте да направиме нешто да не биде во Македонија повторен експеримент како што беше со колективизацијата, принудата и присилата на нашиот човек. Да не се случуваат такви нешта, а на некој начин и психолошки да го подготвиме народот да сфати и да увиди дека во новиот систем се ќе почнува со интерес и ќе завршува со интерес, а не да почнеме само со личен интерес на поединец, а да завршува со неинтерес на поголемата популација во Република Македонија. Тоа ќе доведе до обратен ред, ќе не доведе до негодувања, а некој од дискутантите претходно кажа дека со ваков закон, ако не биде добро обработен, може да ни се случи и мала револуција во Република Македонија. Тоа е реално, луѓе. Јас незнам колку Вие тоа го чувствувате, колку се движите со луѓето, затоа што и еден голем дел од населението и од вработените не се информирани, не се консултирани како што тоа досега се правеше да речеме од страна на Министерството и Владата со одредени раководители и одредени институции во РМ. Поедноставниот човек или другите категории на луѓе во РМ немаат вакви сознанија како што ние овде имаме сега со овој закон или како што има ресорното министерство. Што мисли камиларот не мисли и камилата, тоа треба да го сфатиме. Ако тоа добро го сфатиме, ќе можеме на некој начин да придонесеме за помирни води да се спроведе овој закон. За мене е многу битно да се донесе, но да биде спроводлив. Ние можеме да кренеме рака, ќе го донесеме, но ако не се спроведува, тука уште поголема катастрофа ќе направиме.

Затоа, сите оние амандмани што се внесени комисиски, предлагам да се направи пречистен текст и ако е можно да се даде било каква некоја пауза, да му се даде на овој закон поширок публицитет во јавноста, кај вработените во колективите и т.н., да се увиди целесообразноста од овој закон, да не се оди право- линиски ѕид само со главата да удираме, да не правиме штети. Ете, затоа излегов на оваа говорница. Ништо друго не сакам да повторувам од она што беше кажано.

Единствено се согласувам со дискусиите на повеќето пратеници што беа кажани и со тоа ние треба да донесеме еден ваков закон и тоа е нашата иднина. Без закон за трансформација и без приватен капитал незнам што би правеле ние бидејќи целиот источен блок тој експеримент од 45 години пропадна, се виде дека не чини, а она што беше практика, а не теорија во западниот свет, која одеше по еден евулативен пат се покажа дека е исправна. Сакале или не сакале, дали сме на почетните стапалки од тој капитализам, сеедно, меѓутоа, да не направиме со овој закон да ископаме таков длабок рвеник да пропаднеме во него и да немаме спас.

Благодарам и господине министре имајте ги овие мои забелешки како добронамерни, се со цел да придонесеме и да направиме барем еден мал, така да речам консензус во поглед на расчистувањето на овие амандмани за овој закон. Благодарам и на Вашето трпение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Една напомена во врска со почетното искажување на господинот Котевски. Тој изнесе едно тврдење дека покренал некои прашања, поставил некое барање во Собранието и во Собранието тоа е закочено,

никаде од Собранието не отишло натаму. Рече дека тоа тој го испратил и до Владата итн.

Дали го испратил до Владата, незнам, меѓутоа, неговиот навод е неточен. Тој своето барање го испратил на 26.о5.1992 година до претседателот на Собранието и на истиот ден тоа е испратено под број 22471. Истиот ден на 26 мај 1992 година претседателот на Собранието го упатил неговото барање до претседателот на Владата, претседателот на Комисијата за стопанство, претседателот на Комисијата за економска политика и развој, Секторот за информации, документација, библиотека и Архива. Неговата информација што беше овде изнесена не е точна. Никој не го закочил неговото барање во Собранието.

Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, можеби не требаше повторно да се јавам, но дискусиите ме натераа пак повторно да иницијатива на две барем по мене несфатливи работи што треба да се примени овој закон. Законот го поддржувам, меѓутоа, дали рекол. Не можеме ние сега како дискусијата што произлезе за едни да бидеме татко за едни очув. За едни, оние што почнале да го трансформираат, не ги почитувале прописите, го исподелија општествениот капитал, го присвоија. Ако сакате, можам да Ви докажам, како што стана тоа во Лозар и кога разбра народот се докажа дека девет лимузини прошверцувал. Од каде Вие можете сами да речете - кај мене се е врет. Не треба Вие да кажете кај мене се е вред, Комисијата да каже, народот да каже. Не кај мене е се врет, а кој сте Вие да оцените дека во ред е само ка Вас. Затоа, не треба да дозволиме со овој закон

сега да ги цени Комисија на она ниво како што ќе се оцени по капиталната вредност, а на оние да сме го оставиле што го усвоиле. Таман работа! Сметам дека тука најголемата грешка ќе се направи и тогаш ќе дојде да го подведеме народниот закон да излезе, како што тоа го мислеше во Лозар: 90% го приватизира и си почна човекот, динар немал , овоштарникот го зел за 12 динари квадратен метар. Тогашни 12 динари, не сегашни 12 динари. и тоа било правилно на Анте Марковиќ! Каде е тој Анте Марковиќ, зошто не остана тука да ја исправи таа политика кога правилна била политиката на Анте Марковиќ. Зошто не остана во земјата да ја исправи таа правилна политика, туку избега со капиталот на Југославија надвор во светот. Тоа значи има уште такви луѓе што мислат како тој Анте Марковиќ кој ја пропадна цела Југославија. Отсега наваму немојте никогаш за такви луѓе да ги таквоаме овдетка, да ги носиме пред носот на народот, затоа не треба ние да кажеме за нашето, други треба за делата да кажат.

И уште еднаш предлагам, незнам по кој пат е ова речено, дека мора да се процени и тој капитал на сегашната вредност и тие акции ако сакаат да им важат нека одат да им ги потврди  Анте Марковиќ, а не оваа Влада. Оваа Влада ако им ги потврди тие, тоа значи дека оваа Влада е на Анте Марковиќ, не е на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Дами и господа јас размислував дали да се јавам или не сметам дека сепак да се јавам за да на извесен начин постои тоа чувство на дијалог, иако е многу тешко да се одговори на сето она што беше кажано во врска со Законот , со текстот кој што ви го нудиме. Многу е тешко да се одговори на сите дилеми кој што можеби се присутни кај вас, тоа едноставно не е можно. Јас сакав да нагласам само неколку работи кои што за мене сега при завршување на оваа општа расправа по законот ми се чинат особено важни.

Од неколку дискутанти беше наговестено нешто и тоа сакам едноставно да го потцртам, а тоа е дека овој е еден од ретките закони кој што најмалку треба да се делиме на позиција и опозиција. Во овој закон ние ќе ја одредиме иднината на нашиот народ. А точно на тоа подрачје сме сите тука единствени. Сите сме избрани да ги застапуваме интересите на овој народ. Сигурно дека имаме различни погледи по низа прашања, меѓутоа, ќе мораме да бидеме многу конкретни да кажеме дали сме спремни да влеземе во одредени реформи или не. Мене ми е мило што пројавува мислењето дека навистина со огромен процент во оваа реформа мораме да влеземе Јасно ми е мене, јасно ви е и вас, и на оние кои што не седат во овие редови дека таа реформа нема да биде ни едноставна ни лесна ни брза. Би сакал да преовлада чувството дека во оваа реформа не влегуваме од луксуз, ниту од желба за експериментирање, туку влегуваме во оваа реформа заради чувството дека ако не ја преземеме реформата утре ќе не чини многу поскапо, со многу поголеми жртви, со многу поголеми опасности за овој народ. И токму заради тоа ми се чини дека треба барем една работа да ја прифатиме како заедничка за сите дека треба законот да го донесеме. Од тука и јас реагирав само на онакви дискусии кој што евентуално би ја

довеле во прашање тезата дали да се донесе или не. На другите дискусии не реагирав иако и таму имаше работи со кои не се согласувам, меѓутоа, мислам дека тоа треба да се состави во втората фаза кај амандманите, таму ќе се покажат сите разлики меѓу нас, таму ќе се види кој што застапува, таму ќе се договориме.

Дел од дискусиите веќе навлегоа во амандманската фаза, да речам, затоа што почнаа поедини делови од текстот да коментираат Јас сега не би сакал веднаш да ја отворам таа фаза, меѓутоа, би сакал да спомнам само за една работа која ќе ни се јави и во амандманите, меѓутоа, беше и неколку пати спомената тука. Се фаќаме за една доста неважна работа, за името на законот. Иако името на законот воопшто не е случајно. Зошто законот се вика "Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал"? Не заради тоа што сакаме да избегнеме приватизација, ниту заради тоа што се срамиме да кажеме приватизација, туку со тоа објаснуваме еден правен факт, а тој правен факт е следен: Нашите претпријатија како такви продолжуваат да живеат со сета своја техника, со сета своја технологија, по можност со најголем дел од вработените, со својот пазар, со својот пласман , со добавувачите на суровини. Она што го менуваме е структурата на сопственост. Тоа се вика во светот трансформација. Тоа значи јасно би сакал да кажам, целта на овој закон е да дојдеме до приватно стопанство. Меѓутоа, до тоа приватно стопанство не доаѓаме преку разрушување на сето она што постои, туку  преку негово видоизменување во една своја сфера , а тоа е во сферата на сопственоста. Тоа е целата тајна околу името и ми се чини секаква понатамошна дискусија е непотребна. Ние приватизираме, но таа приватизација е само еден дел од промените што можат да се

случат во едно претпријатие, Многу важен дел, сопственичка трансформација меѓутоа еден дел, затоа што едно претпријатие има многу аспекти.

Можеби мене во извесна смисла и ме радува што критиките беа слични и од позицијата и од опозицијата и од различни партии, можи дури да ме прави несреќен. Да кажам дека тука се воспоставува независно од партиската припадност едно становиште дека одредени работи во законот не се добри. Чувме залагања за бесплатни акции и од опозицијата и од позицијата и од сите партии на позицијата чувме и обратно залагање. Меѓутоа, она што сега не сакам да го повторувам моето уводно излагање , она што сакам тука да го кажам е следното. Постои еден вид одговорност и кај мене и кај Владата. Колку да изгледа некој потез добар и популарен, ако не сме убедени со своето стручно знаење дека ќе донесе резултати да се спротивставиме на неа, верувајте секое мое спротивставување на нешто што е предложено од овој Парламент многу тешко ми паѓа- Ми паѓа тешко и да се борам, непотребно да се конфронтираме, ми паѓа тешко затоа што не сум бил можеби доволно јасен, меѓутоа некогаш и кога ми е многу тешко да се спротивставам морам, заради тоа што постои нешто што се вика обврска на професионалец на одредени решенија да истрае заради тоа што мисли дека тоа е можното.

Она што би сакал да го избегнеме како повторување на дискусијата кога ќе поминеме на амандманска дискусија е отворање на проблемите од другите сфери кои што овој закон не ги тангира. Јас ве молам да се разбереме дека овој закон е само закон за приватизација на претпријатија. Овој закон е закон во кој што се приватизира оној дел на целокупниот наш живот кој што носи стоки на пазар и продава стоки на пазар. Ова не е закон за трансформација на здравството, ова не е закон за трансформација на универзитетите ова не е закон за трансформација на некои други јавни служби.

Никако не значи дека тие сфери се помалку важни. Напротив, тие се страшно важни. Меѓутоа, ние не можеме со еден акти се да уредиме Најглавен законски акт на една земја ни е уставот. Ние го донесовме уставот, па гледате дека цела низа работи останаа да се доуредуваат Така и овој закон. Овој закон регулира само една материја. Таа е на кој начин општествената сопственост да се претвори во приватна сопственост. Само тоа го регулираме тука. Сите други критики, сите други да речам барања, за додатни реформи се оправдани. Меѓутоа, ние не можеме тоа тука да го решиме. Јас сите ве повикувам и јас покажувам спремност, кога ќе се договориме околу овој закон кој што ќе биде фактички, мост по кој ќе се оди во приватизацијата и во другите сфери да одиме и со решение од другите сфери. Меѓутоа , тоа мораме да го направиме и во тие соодветни закони, за да не направиме грешка , заради тоа што вие не можете на ист начин да приватизирате и фабрика и факултет, прашање е дали факултет, треба да се договориме за тоа, треба општествен договор за тоа и фабрика и здравствена установа има цела низа разлики меѓу тие дејности и затоа да пријдеме така да не разрушиме нешто што работи,туку да го подобриме. Значи нашата желба не е заради тоа што не може да се реши, туку заради тоа што нема генерален пристап. Онаму каде што постои генерален пристап, каде што може да се изгради нешто што е заеднички пристап, ние го направивме во овој закон. Секаде онаму каде што треба посебен пристап го издвоивме од овој закон.

Тука беше споменато, и јас говорев и некои дискутанти за спречено право, злоупотребено право дека законот премногу респектирал стечајни права, а дека требал да пристапи кон анализа на постоечките закони, како на злоупотреба на право. За жал, кој е сериозен правник ќе знае дека таму каде што не се согласуваме тоа е направено врз база на закон.

Имаше закон за низа работи. Мене може некој закон да не ме бендисува. Но некоја работа направена врз база на закон, која што по мене инаку можеби не е многу рационално, дури можеби и неправедно, јас не можам да ја третирам како злоупотреба. Зошто не во кривично дело, беше поставено. Едноставно ние мораме во овој закон да решиме некои проблеми. И тоа беше на барање на најголем број пратеници. Не заради тоа што сакаме да правиме нов кривичен законик ние би биле среќни ако сите тие кривични норми одеа во кривичниот законик. Едноставно стравот дека таму не е регулирано, едноставно одговорноста дека можеби таа работа не е регулирана, би не ставила во ситуација да одговараме пред вас, зошто не сме ви кажале дека не е регулирано. Ние нудиме една ре гулација. Низа работи од тој закон веројатно би можеле да се најдат и во други закони. Ако таму би биле решение не би имало потреба тука да се решаваат, и овој закон би бил дупло помал.

Кога ќе почне дискусијата околу амандманите, јас мислам дека ќе се развијат копјата, ќе се усукаат сабјите, ќе почнеме да водиме битка. Меѓутоа, јас ве молам да не заборавиме дека во овој Парламент се избрани со заедничка политичка цел да го изменат општествено политичкиот систем и да го направат онаков каков што е во западните земји. Јас ве молам меѓусебната борба да не ја претвораме или на меѓусебната борба од партиски интереси да не ја жртвуваме таа заедничка цел која што сите овде ги обедини.

Се спомна дека не го спомнуваме зборот државен капитал. Едноставно тоа не е точно. Ние сите термини што сега ги употребуваме во законот мораат да базираат врз постоечките закони. Така се прави законодавството. Вие немате кршење на стариот систем и почнување од нула. Така се прават револуции. Револуциите се тешки.

Јас реков дека и ова е револуција, меѓутоа, ова е поинаква револуција. Јас се надевам бев крив, јас се надевам со малку знамиња, јас се надевам со малку херои, се надевам со малку жртви. Меѓутоа, тоа што правиме револуционерни промени врз база на континуирана  промена, значи дека мораме да се потпираме врз она што било претходно па дури и кај имињата на некои работи. Меѓутоа, тука е јасно во законот дека за некои работи државата стекнува доминантно право на управување, тоа нити е криено, ниту може да се сокрие и не би требало да се караме за тоа дали е скриено, дали може да се сокрие итн.

Беше спомнато дека сега законот го носиме заради притисок на Европската и светската банка. Сигурно дека беше и од нив кажано дека треба час поскоро да го донесеме законот. Меѓутоа, ние долго време работиме не на нивен притисок , туку врз база на автономна одлука на ова Собрание и врз база на автономна одлука на овој народ кој што не избра тука. Затоа што работата на законите е почната многу одамна, Иницијативата потекна од тука. Сега, ако веќе ги спомнуваме европската и светската банка, ајде да ги спомнеме и комплетно и меѓународниот монетарен фонд. Да ги спомнеме и тоа дека рекоа дека ова е добар закон и дека не треба да се отстапи од решенијата кои се понудени во смисла на платена приватизација. Ајде да ја спомнеме и таа вистина. Јас инаку една работа би сакал да ви кажам. Од секоја ситуација може една земја да се најде во лоша состојба. Од секоја една ситуација може една земја да влезе во економска катастрофа. Меѓутоа, и секоја промена може да се претвори во голема победа. Шансите се и вака и така. Меѓутоа, оној кој што не може да верува дека имаме макар малку способност да направиме нешто што вреди, тој не треба да гласа за овој закон. Ќе биде

неодговорен. Јас морам уште еднаш да реагирам на една работа која што е тука кажана, заради тоа што на извесен начин ме тангира и мене. Се говори дека истите луѓе ја правеа колективизацијата и истите луѓе ја прават приватизацијата. Јас тогаш не сум бил роден. Тоа што некоја партија има нечии традиции, тоа не значи дека се истите луѓе, ниту дека истата партија ја има истата идеологија, тоа значи дека влече традиции. А кога говориме за традициите би било добро да потсетиме какви се традициите на сите страни. Дали некој добро ги знае традициите на ВМРО. Дали сега да ги истакнуваме само некој, поединечни, лоши случаи во историјата на ВМРО, бидејќи имало разни ВМРО-а во Македонија, па не секое е исто. Јас не сакам да импутирам на ниеден човек, член на ВМРО дека е наследник на тоа што луѓето го сметаат за лошо. Напротив, сметам дека партијата на ВМРО го исправа тоа име сметајќи на најдобрите традиции на таа наша Македонска организација .Меѓутоа, немојте на другата страна да предизвикуваме таков одлив. Во овој Парламент седат луѓе, кои што влегоа во парламентарна борба, залагајќи се за нов систем . Тоа е она што ги краси сите луѓе што седат овде, без разлика, се залагаат за нов систем. Има различни патишта кон тој нов систем меѓутоа тоа се нови луѓе. И не можете вие на еден млад човек од 30 години денеска да му кажете дека тој правел и колективизација и приватизација. Мислам дека е добро да размислиме за ова. Со овој закон ние носиме извесна програма на иднината. Тука би требало малку да бидеме внимателни и во начинот на кој што дискутираме и во начинот на кој што ги презентираме аргументите. Она што треба овде да донесеме е следното: дали одредено решение не носи во подобра иднина или во полоша иднина. Тоа е единственото што вреди. Јас повторно ќе речам. Треба да се прифати сечиј амандман, независно од партија доаѓа. Независно дали од позиција или опозиција,

ако е добар, ако го подобрува текстот. Нема кај мене никакво сомнева&е дека треба да се прифатат амандмани на сите. Сега имаме триста амандмани. Многу повеќе, отколку за уставот. Тоа говори и за текстот, меѓутоа, тоа говори и за Собранието, а тоа говори и за нашата спремност да се концентрираме околу еден предложен проект. Има разни проекти, некој ќе рече нема најдобар проект. Ова е еден можен проект, меѓутоа за разлика од сите други, овој е доработен. Овој е познат, дискутирам, подобрувам, изработен, завршен, логичен. Може да има грешки. Можат тие грешки да се појават во секојдневната практика. Спремни сме да ги измениме. Меѓутоа, тоа е предноста сега на овој проект, што е завршен проект. Можеби има некои други проекти кои што се исто така добри. Тие се во нашите глави во почетна фаза. Секое откажување од овој проект би значело враќање назад две три години, запирање на приватизацијата за две три години и тоа е одговорноста на сите нас овде. Ако предложиме потполно нов пристап, ние фактички истовремено предлагаме законот да не се донесе, да се чека уште две три години, за да се доработи тој проект. Проект на приватизација направен набрзина, неодговорно, може да носи катастрофи.

IX/1.- СС/МЛ

**ЈАНЕ МОЉОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Спомнати се реакциите во јавноста. такви имаше застапници тука кои што велеа дека тоа треба да се з< предвид. Јас сум последниот кој ќе каже дека не треба да се земат предвид. Напротив. Тие треба да се земат предвид и се обидував да ги земам предвид онолку колку што можев без да го загрозам економското битие, економската суштина на законот. Но, постои една граница. Во оној момент кога економската суштина на законот е вградена, колку да сум свесен за опасноста, јас морам да речам - не Она што ме плаши е следното, дека сметајќи на краткорочни ефекти, сметајќи на успех веднаш, самите некогаш ги потенцираме овие разлики што можат да се јават, овие проблеми што можат да се ја- ват и да заговараме решенија кои што можеби изгледаат популарни, но не ја носат вистинската реформа.

И, на крајот, само два збора. Сигурно е дека за сите нас овде што седиме е многу важно да донесеме закон. И, би требале да донесеме закон. Меѓутоа, едно ќе ви кажам, не смееме да донесеме било каков закон. Мораме да донесеме еден закон кој макар малку ќе има во себе задржано од онаа основна цел што значи реформа. Ако не се задржи таа црта во законот, реформата, подобрување на иднината, таков закон - било каков закон не ни треба.

Оттука, ве молам, сите оние амандмани што во суштина го рушат концептот и сите оние амандмани поднесени без чувство на голема потреба едноставно да се откажеме, затоа што дискусија за 300 амандмани до сега поднесени ќе биде многу тешка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе почнам со последните зборови на министерот дека треба да отпочнеме со трансформација. Меѓутоа, истите негови зборови да

видиме како и на кој начин ќе се реализираат.

Самиот министер кажа дека е еден од начините, една од формите е таква, дали е ова среќно или несреќно решение тоа е друго прашање, меѓутоа смета дека е надоградено.

Господа, само неколку зборови за тоа што значат институтите стечајно право и злоупотреба на право. Тоа е вметнување на кривично дело во еден закон што не е. Кога, ако не беа преодните одредби за оние кои со досегашните закони направиле акционерски друштва, ако тамо не се говореше дека тие исти лица сами вршеа процена, тогаш овие два институти не ќе имаа место. Ниту право на стечајно право, ниту да се спомнува правото на злоупотреба.

Од оваа говорница говорев дека е нарушен основниот принцип. Продавачот и купувачот беа едно исто лице. Тие двајца не можат да се повикуваат на право, во системот на стечајното право. Тие, тоа право не можат да го користат. Тие ќе го користат правото на злоупотреба на правото. Тогаш, што предлагав? Да се воведе проценка дали проценката на тогаш извршениот капитал е реална. И, ако е реална, нема што да се, ниту има злоупотреба на право, ниту ќе дојде во прашање злоупотреба во стечајното право. Тоа се основни два елементи.

Меѓутоа, што овде се прави? Да не се платат придонеси, да нема квалитетни пари да се платат, а да се признае правото. Веднаш, од друга страна во преодните одредби доаѓа член 103 со што се воведува кривично дело. За кого? За во иднина. Но, што било понапред?

Затоа, во законот ќе се интервенира со амандмани, да се изврши проценка реална на сите оние што одат во трансформација. Министерот кажува дека треба да отпочнеме, што значи дали тоа треба да биде дека

е сме почнале? Ако одиме од почеток, тогаш тие права што беа зацртани ќе ги видиме. Што е исправно, исправно е. Во законот ќе следи амандман сите да одат на проценка дали е направено реално или не. Јас не гледам никаков напад во концептот на законот. Јас тука барам подобрување за заштита на капиталот, заштита на државата. Тоа е едниот дел.

Вториот, што говореше дека мораме да признаеме дека не- кои биле, кога се создал еден систем тоа биле други луѓе, а сега се други. Господа, кога некој сака права ќе има и обврски. Ако тогаш остварувале права, доаѓале, па се направила имовина и се прогласил некој за наследник на таа организација, само за имовината, ќе мора да се стави дека има и обврски. Не може да се откаже од нив во интерес.

Затоа, не му забележувам на министерот кој рече дека тие што го предлагаат овој закон се сега други луѓе. Нормално е. Вердиевата опера е Вердиева, а кој ќе ја свири е друго прашаше.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Немам намера на крајот од расправата по општиот претрес по законот да се произнесувам во врска со самата расправа, туку само на одреден начин сега да се доближиме до обврската што ни претстои во наредните денови, односно во делот за произнесување по амандманите.

Комисијата за стопанство се произнесе само по амандмани- те за кои доби во писмена форма од страна на Владата мислење. Голем дел од амандманите, според договорот што го постигнавме со претседателот на Собранието, што беа поднесени до петокот, Комисијата се нема произнесено затоа што предлагачот на Законот не се произнел во писмена форма, ако се држиме до договорот што го постигнавме.

Еден дел од амандманите веќе овие два дена доаѓаат, за што сметам дека треба да остане договорот, за нив на самата седница да се произнесе самото Собрание, како не би отвориле нова расправа пред Комисијата. Има еден дел од понудените решенија во усмена форма од страна на предлагачот на самата Комисија. Денеска немаме решенија во писмена форма што беа понудени, а предлагачите на амандманите ги повлекоа самите амандмани исто така во усмена форма. Се додека не се добијат во писмена форма сите предлози од страна на предлагачот, сметам дека ние ќе западнеме во една деловничка замка да не можеме да одлучуваме на самата седница.

Оперативно би било за сите амандмани да се поднесе предлог во писмена форма како не би требал министерот по секој амандман да излегува и да се произнесува.

Со тоа сметам дека треба во текот на утрешниот ден сета оваа работа да се заврши, а седницата да продолжи задутре, ако е можно или пак наредната недела за да може на одреден начин Комисијата уште еднаш да се состане и да се произнесе после писменото мислење од страна на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Го заклучувам општиот претрес.

Предлагам денеска да прекинеме со работа, а претресот по текстот да го започнеме дополнително. Веројатно во текот на утрешниот ден, во договор со Владата, ќе закажеме кога ќе отпочне тој процес. Треба да се истера деловничката постапка, за сите амандмани што пристигнале пред отворањето на претресот по законот, а не биле на седница на Комисијата разгледани, за нив нема писмено мислеше од Владата, треба таа работа да се дотера. Овој закон е многу значаен и не

смее да има некои фалинки од таков карактер во постапката.

За сите амандмани што се поднесени во текот на претресот, не постои обврска, деловничка обврска Комисијата претходно да ги гледа. Нив можеме овде непосредно да ги разгледаме.

Јас предлагам и уште нешто. Предлагам сите предлагачи на амандманите да остварат контакт со претставникот на Владата и се обидат што е исходот на нивниот амандман. Дали е можно да најде исход, дали е можно да се даде објаснување дека амандманот е веќе содржан на друг начин во некоја од одредбите на законот или е прифатлив во изменета форма, или е неприфатлив или делумно прифатлив итн. На крајот предлагам најголемиот дел од амандманите дадени од пратениците од парламентарното мнозинство што ја поддржува Владата, молам тие пратеници, ако не можат до крај да се разберат со Владата во постапка што ја кажав, да ги повлечат. Ако има некој исклучиво и особено значаен амандман, тогаш треба посебно внимание, но постапката, принципот, мое мислеше е, на овој начин да ја олесниме понатаму расправата по текстот на законот за да можеме да обрнеме внимание на предлагачите на амандманите од страна на опозицијата за да можеме законот да го донесеме поскоро.

Мислам дека на тој начин ќе си ја олесниме работата овде, мислам дека становиштето на секој пратеник кој поднел амандман го демонстрирал со поднесувањето на амандманот, го демонстрирал со објаснувањата што ги дал во работните тела и придонесот во општиот претрес во законот, сега, да се разбереме, вака крупни од значење закони можат да бидат донесени само со големи компромиси. Нема, не постои решение што вакви прашања може да ги реши а да ги задоволи сите.

Затоа треба да бидеме подготвени на компромис, да се донесе законот, а после, следејќи ја неговата реализација да се обидеме низ нови иницијативи, со подзаконски акти да дојдеме до разјаснувања. Или, со измени и дополнувања на законот или со нови закони да ги дотеруваме решенијата. Ова не е прашање кое може со еден акт да се заврши. Но, нема никогаш да се заврши ако не почнеме и тоа што поскоро.

Затоа мислам да ги направиме овие напори, а Владата, кога ќе не извести, утре или задутре ние ќе закажеме, веројатно ќе треба да почнеме од понеделник па натаму цела недела додека законот не се донесе.

Јас вака предлагам и ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 14,25 часот).